**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Бендевска, Владо Бучковски, Кире Гештаковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Ацо Киров, Лазар Китановски, Борис Кондарко, Јани Макрадули, Илинка Митрева, Мери Младеновска - Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Никола Поповски, Есад Рахиќ, Никола Рилкоски, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Верица Филипова, Благородна Цветковска, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Азис Положани, Зумрете Јакупи, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Благој Зашов, Тито Петковски, Иван Анастасовски, Оливер Шанбевски и Илија Китаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 47 за бришење на точка 1 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Има збор господинот Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги и колешки пратеници,

Во рамките на нашата цел, дека ќе го потврдиме ова што е толкување во врска со овој амандман, бидејќи целта и активноста на коалицијата ДУИ и ПДП во врска со овој амандман е да покаже зошто овој закон не е добар или прифатлив за нас, но и да им докажеме на граѓаните дека не е во нивен интерес, без оглед на етничката припадност, а сигурно и процедурата во однос на Бадинтер.

Во однос на амандманот на госпоѓа Валентина Божиновска, приведувањето на лицата, според елаборацијата што ја направи вчера почитуваната колешка, само за пошироката јавност, и покрај обемноста на нејзината елаборација, пред јавноста и граѓаните треба да објаснам дека во овој амандман или во овој член 47, без никаква понатамошна елаборација, првата точка, бидејќи овде има повеќе точки, во врска со приведување на лицата, на граѓаните без пишан налог може да се изврши во однос на лицата, под точка 1, како што предлага колешката пратеник, чиј идентитет треба да се утврди.

Понатаму има и три други точки за кои немам забелешки, бидејќи се работи за моменти кога полицијата во секоја земја во светот треба да ја врши својата должност во однос на точката 2, каде што се вели дека е во однос на лица за кои има распишано потерница. Потоа, во однос на лицата наведени во точката три, кои се фатени на дело или вршејќи кривично дело, или во точката 4, и така може да има некоја забелешка, сето тоа е прифатливо во смисла бидејќи вели “на лица затекнати во извршување на прекршок, со елементи на насилство”.

Јас сум целосно согласен, ќе нагласам, целта е да укажеме дека законот треба да се повлече, освен поради причините што беа кажани поради Бадинтер, има и други причини во однос на просторот или во однос на непрецизноста на неколку членови во овој закон или на многу членови во овој закон...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се до амандманот.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски јас говорам за амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Во амандманот не се препорачува да се повлече законот.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски.

Сигурно е потребно да го елаборирам тоа, а ние овде не сме роботи да ги читаме членовите и ја толкуваме употребата, туку е потребно да елаборирам низ моево искажување во врска со овој амандман.

Идентитетот на лицата, еве ќе посочам со еден конкретен пример, доколку полицаецот или органите за внатрешни работи, поради некои причини или друга причина го етикетирале или следат некое лице, можат да го гонат и во моментот кога тој, од неговиот стан или од својот дом отиде до самопослуга или поблискиот дуќан, сигурно дека мнозинството на граѓани не ги носат своите лични карти со нив или документите за идентификација. Во овој случај, за ова да го разберат граѓаните, бидејќи медиумите нагласуваат дека граѓаните не се доволно информирани, а ова е обврска на мнозинството, а бидејќи мнозинството не го прави тоа, јас ќе се потрудам да го објаснам тоа во врска со овој член и предложениот амандман.

Тоа значи, ако некој отиде во самапослуга или најблиската продавница, врз основа на овој член или подобро, врз основа на ставот за кој што госпоѓата Валентина Божиновска поднесува амандман и бара да се повлече, полицијата има право, законско право, гарантирано со овој член и овој став да го приведе и да го однесе во полициска станица, што не стои во другите членови што се поврзани со овој член: 38, 40 и 41, значи условите, времетраењето и начинот на задржување на лицето што според овој член или овој став има направено, а всушност единственото што го направил е дека отишол во продавница, а личната карта не ја носел со себе.

Во другите членови, што се препорака на ОБСЕ, треба да се прецизира времетраењето, поведението, околностите на задржувањето на тоа лице чие злосторство било тоа што отишол во самопослуга без лична карта, тоа значи дека овде имаме еден елемент, или подобро да кажам се кршат неколку елементи. Односно, законот дозволува на ваков начин да се направи едно прекршување на правата на човекот, што всушност претставува европски стандард, бидејќи полицаецот во овој став, иако другите членови се во спротивност или се коси, полицаецот може да се повика на овој член и никој не може да побара одговорност од тој полицаец поради тоа зошто соодветната личност ја привел во полициската станица.

Со ова сакам да подвлечам дека најпрво ова треба да го разгледаат правниците. Да ви ја кажам вистината, јас не сум запознаен со биографијата или школската наобразба на сите пратеници од парламентарното мнозинство, верувам дека има некој правник, но за ова е најповикана госпоѓа Јанкулоска, која има правен факултет, ако не грешам и не може во еден закон што формално ни го поднесува госпоѓа Јанкулоска во име на Владата, во овој закон не може да има противречни одредби што од една страна нагласуваат случаи што претставуваат дискриминаторско задржување и приведување на одредени лица, додека со овој член и со овој став не се прецизира ништо, што значи дека се коси со членовите 38, 39, 40 и 41, како што елаборираше и колешката, пратеничката Валентина Божиновска.

Мислам дека зрачењето во оваа насока и овде господине Георгиевски вие можете, но не е демократски, законите се над се и законите се тие, владеењето на законот е првиот елемент на едно цивилизирано општество, додека тропањето на маса е и во Јапонскиот парламент и во Англискиот парламент доколку не се почитува постапката и законот од вас или се носат закони што содржат нецивилизаторски елементи, елементи против правата на човекот. Овде имаме едно флагрантно кршење на правата на човекот. Што може да се случи познавајќи ги околностите? Јас не сакам да прејудицирам дека полицаецот може да направи еден таков чин, но е сосема можно, познавајќи го однесувањето на полицијата во минатото. Се надевам дека со демократскиот развој во земјава ова нема да се случи. Но, ние не треба да создадеме законска основа за тоа. Тука е и свеста. На крајот на краиштата тука е и ликот на пратениците од мнозинството да излезат пред граѓаните и да кажат дека ние сме во позиција, но по некое време може да ни се случи дека полицаецот, додека одиме во самопослуга, да не приведе и да не испрати во полициска станица што го овозможува ставот 1 од овој член.

Истовремено, со поддршката на госпоѓа Божиновска во врска со предложениот амандман, истовремено уште еднаш не е на одмет, бидејќи по се изгледа не се разбираме, апелирам кај госпоѓа Јанкулоска да го повлече овој закон, бидејќи во законот има многу такви елементи како што е овој став, со што се кршат правата на човекот, а се нагласени во разни документи на Хелсиншкиот комитет или за правата на човекот или препораките на ОБСЕ. Ова е еден голем минус за Република Македонија, гледајќи од аспект на цивилизацијата и владението на законот и правата на законот, ако донесеме еден закон што на крајот на краиштата повеќе ќе ги оштети граѓаните отколку што ќе воспостави правила и прописи во оваа држава.

Во мое лично име, мислам дека овој амандман треба да зрачи, како што зрачеа вчера и пратениците од мнозинството, а најмногу госпоѓа Бонева имаше разбирање, јас во тоа не се сомневам дека тука ќе има разбирање и госпоѓа Јанкулоска да се прифати од мнозинството или, на крајот на краиштата тоа право го има и госпоѓа Јанкулоска да го прифати амандманот предложен од госпоѓа Валентина Божиновска.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Божиновска има реплика, повелете.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе,

Има чувство дека, можеби во вчерашниот ден немав доволна елаборација што ќе биде посуштинска за овој амандман, благодарам на колегата Буџаку, па денеска се обидувам да си припомогнам и себе си и на Владата, на претставникот на Владата на моите колеги. Во Европскиот кодекс на полициската етика, се потрудив да го пронајдам, што вусшност и беше препорака во 2001 година, усвоен од Комитетот на министрите на Советот на Европа, одржан на 19 септември 2001 година, каде што има децидно Меморандум за објаснување.

Имено, имајќи предвид дека активностите на полицијата и во поголема мера се извршуваат во непосреден контакт со јавноста, дека всушност се работи за еден реален близок контакт на полицијата и поддршката на јавноста, ако во овој момент, со овој член ако немаме писмена наредба, говорам за нешто што е поврзано за писмена наредна одобрена од органот што ја дава таа наредба, кога се движам во текот на еден ден, можеби во тој миг, униформираното лице го потсетувам на жената или на дамата која треба да се приведе, треба да се приведе. Тој ми бара лична карта, ми бара идентификација. Значи, според членот 39 јас треба да се идентификувам.

Меѓутоа, јас говорам за овој втор дел, за нејасноста на овој член, каде секое униформорано лице може да си дозволи да побара од други лица кои не се сомнителни, кои не се барани во утринскиот договор на службите, да не се злоупотребува тоа.

Е сега, уверена дека довербата на јавноста во полицијата е тесно поврзана со нејзиниот став и однесување кон јавноста, Меморандумот од Советот на министрите укажува на следното: “Принципите и правилата утврдени со текстовите поврзани со прашањата што се однесуваат на

полицијата, кривичното, граѓанското и јавното право како и аспектите на човековите права усвоени од страна на Комитетот на Советот на министрите, Одлуката и пресудата на Европскиот суд за човекови права (се разбира) и принципите усвоени од страна на Комитетот за превенција од тортура и нечовечко или понижувачко постапување и казнување". Значи, во мигот на приведување без писмена наредба за утврдување на идентитет, апсолутно влегуваме во овој кодекс, во овој Меморандум, овие правила што ни насочуваат на сите земји членка на Европа, дека навистина не би било пријатно во тој миг, кога вие немате лична карта а случајно сте излегле, и на крајно човечко понижување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јашари Аднан има збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Исто, како што нагласив и вчера, при полициски те овластувања, освен членовите 43, 46, 64, 72, 80 итн, тука учествува и членот 47, член што е во рамките на делот за приведување на лица од страна на полициските службеници, секако дека во овој член се предвидени и исклучоци кога и во кои околности, случаи определените лица може да се приведуваат без писмена наредба. Тоа е наредба, како што е предвидено во членот 46 став 1, тоа значи дека начелно се дава од надлежниот судски орган или од надлежните судови.

Во членот 47 се предвидува, како што реков порано, приведување без писмена наредба да може да се изврши, покрај другото, и доколку е потребно за да се потврди идентитетот или да се утврди идентитетот на определено лице. Преку предложениот амандман од страна на колешката се бара точката 1 или во овој случај кој го нагласив и го цитирав порано да не постои, значи да се избрише таа точка 1. Слушнавме и вчера аргументи за овој амандман од самиот предлагач, слушнавме и денес. Во оваа насока и овие аргументи се придружувам и јас, значи го поддржувам бришењето на точката 1, значи ставот 1 на член 47, од причина што според мене оваа точка од овој став не е прецизирана на начин како што е потребно, односно не е прецизирано во кој случај приведувањето без писмена наредба на определено лице ќе може да се изврши заради утврдување на нивниот идентитет. Во оваа насока, вака како што е нагласено или потенцирано во оваа точка во ставот 1 на членот 47, ценам дека тоа не е доволно објаснето и според мое убедување, доколку се дозволи да не се избрише оваа точка, мислам дека преку оваа точка од овој став ќе се влијае директно за повредување на достоинството на лицата. Од друга страна според мене или според моето убедување оваа точка од овој став е во спротивност и со меѓународните конвенции за правата и слободите на човекот. Затоа, и јас ќе се придружам на претходниот колега и ќе го подржам амандманот за кој говориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратедникот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Се повклекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи повеќе никој не се јавува за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Се отповикува предлогот за гласање бидејќи нема доволен број присутни пратеници во салата.

Го заклучувам претресот по овој амандман и давам 15 минути пауза.

(Пауза од 11,38 до 11,57 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам координаторите на пратеничките групи што се присутни во салата да дојдат кај мене.

Поради неочекуван амоја протоколорана обврска молам да уважите 15 минути пауза.

(Пауза од 12,06 до 12,21 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своит еместа.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

Амандманот на членот 47 за бришење на точката 1, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни, 3 пратеници гласале за, 50 против и 3 воздржано.

Според тоа, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 47 за бришење на точката 1, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот на членот 48 став 1 поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати овој амандман.

Има збор госпоѓица Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван претседателе, се шегуваат на терминологијата која ја употребувате кон мене, госпоѓице, јас сум веќе во брак од 2001 година и сум Божиновска-Митрева.

Јас го повлекувам овој амандман, со оглед на тоа дека Кодексот на полициската етика укажува на она што претходно го прочитав за Меморандумот дека, се разбира, во интерес на законот ќе се вршат обуки кои ќе придонесат за етичкото однесување на полицајците. Значи го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Пратеникот Весна Јаневска го повлече амандманот на член 50 за додавање нов став 7 по ставот 6.

Пратеникот Весна Јаневска го повлече амандманот на член 60 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати овој амандман.

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Очекував дека Владата ќе го прифати овој амандман, затоа што според мене денес кога живееме во времето кога имаме една глобална борба против тероризмот, кој што се заканува не само дури можеби најмалку овде, туку на целата планета Земја, мислам дека овој амандман може да се донесе и подразбере во контекст на една позасилена борба против ова што до сега го кажав. Инаку, спаѓа во редот на полициските овластувања, значи е во таа глава и се однесува на прегледот или претресот на определени објекти и простории на државни органи и институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во нивната документација. Имено, за што се работи? Конкретно во ставот 2 вели: ако оправдано-би сакала овде да нагласам колегите пратеници да ме слушаат внимателно, значи се работи ако оправдано може да се очекува, значи не некој да соопштил или само да најавил по телефон дека може да се очекува, туку оправдано се очекува, може да се очекува дека на определен простор или објект ќе дојде до загрозување на животот на луѓето, значи имаме загрозување на животот на луѓето, и тоа повеќе луѓе почитувани колеги пратеници или имот од поголеми размери, значи се говори за имот од поголеми размери, во тој случај може да биде училишна зграда, јавен објект и да не набројувам понатаму, или заради потреба од поголема безбедност на определени личности кои се обезбедуваат, полицијата може да го испразни тој простор или објект, да забрани пристап, да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во него и неговата непосредна близина.

Почитувани коелги, мислам дека особено ако се земат предвид првите од овие наброени моменти, се однесува на животот на луѓето и имотот од поголеми размери, полицијата притоа има оправдани очекувања дека тука ќе се случи нешто, дали ќе се работи за подметната бомба или можеби некоја друга експлозивна направа, сметам дека полицијата мора, треба, всушност мојата измена е дека треба да ги преземе сите овие мерки или барем некои од мерките. До колку не го испразни просторот, треба да го забрани пристапот, потоа да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во овој објект или макар во негова близина. Замислете сега, имаме оправдано сомневање дека во некое училиште има поставено експлозивна направа и сега оставаме на полицијата - јас не се сомневам дека полицијата ќе ги преземе мерките, не се сомневам во нејзината одговорност, но друго е кога законски тоа ќе биде строго дефинирано, задолжително, а не да оставиме можеби само на еден полициски службеник да одлучи дали тој ќе преземе одредени мерки или пак нема да ги преземе, па потоа за тоа да нема никаква одговорност. Јас реков дека во целиот овој закон отсуствува степенот на одговорност и мерките што ќе се превземе ако не се постапи во согласност со одредени одредби од овој закон. Значи такви мерки немаме и со тоа недоволно се заштитуваат човековите права.

Според тоа, ако веќе министерот не го прифати овој амандман, сметам дека ќе се наиде на разбирање од почитуваните колеги пратеници, со сета сериозност кога се загрозува животот на повеќе луѓе, знаеме дека нема ништо подрагоцено и поскапо и нешто што повеќе вреди во оваа држава од животот на еден човек, а камоли од животот на повеќе луѓе, ќе го имаат предвид ова објаснување и токму поради тоа ќе дадат подршка на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Благодарам.

Јас сакам да укажам на некои аспекти околу новиот амандман на пратеникот Роза Топузова-Каревска. Мислам дкеа навлегува во една прилично стручна материја, која се однесува на тоа кога полициските сили треба да преземат одредени активности. Дури, една ваква одредба можеби и во законот не е неопходна, па од тие причини мислам дека е подобро да остане како што е во текстот, а почитувната пратеничка да го повлече овој амандман, бидејки инсистирањето на вакви амандмани, да биде се регулирано во законот, па дури и кога полицијата ќе преземе одредени мерки во функција на заштита на безбедноста на граѓаните, лицата што се обезбедуваат или пошироко за безбедноста, мислам дека ваквите одредби законите само ги оптоваруваат, а праксата е сосема поинаква. Затоа би предложил пратеничката да го повлече амандманот, мислам дека нема ништо нема да остане недоречено во овој закон ако остане вака како што е дадено во предложениот член.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот Роза Топузова-Каревска. Повелете.

**Роза Топузова -Каревска:** Благодарам претседателе.

Апсолутно го почитувам мислењето на почитуваниот колега, со оглед на тоа што тој и работел во оваа надлежност и работите му се познати. Јас би прифатила навистина до колку целиот став не беше наведен тука во законот. Можеби има таква логичност. Но кога веќе го имаме овој став, а притоа кога се загрозува животот или имотот од поголеми размери да стои “може” мислам дека апсолутно е несериозно и недоречено, па токму поради тоа го поднесувам амандманот. До колку целиот овој став не беше присутен во членот 60, тогаш можеше и поинаку да разговараме. Останувам на тоа дека навистина треба да дојде до промена и да стои “треба”, ј асно да биде дефинирано. Инаку, целиот овој став е само декларативен. Тогаш каква цел има да биде во законот? Вакви недоречени ставови и одредби имавме и на други места. Токму заради тоа се залагам да се прецизира до крај, до колку веќе го има.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари. Повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Во членот 60 од Предлогот на законот се говори за преглед и контрола на одредени простори на државни органи, на институциите кои вршат одредени јавни овластувања и други лица, правни лица и да изврши увид во определена нивна документација. Така како што е предвидено во ставот 2 и како што беше елаборирано од предлагачот на овој амандман, колешката Роза Топузовска-Каревска, во ставот 2 од овој член се дава едно право не од облигаторен карактер, туку од факултативен карактер на полицискиот орган во одредени случаи да може да ги врши своите овластувања, иако и моја проценка е, како што беше проценето и од предлагачот на амандманот, дека во овој случај посебно како што е нагласено во ставот 2 кога се загрозува животот на луѓето или имотот од поголеми размери, или како што се наведе за обезбедување на одредени личности, кои претходно се обезбедуваат, мислам дека полицијата или полициските служби треба да се задолжат да ги преземат овие овластувања предвидени во овој став, а кои се во врска со испразнувањето на објектите или просториите или остварувањето на привремената контрола, со цел да го одредат сообраќајот, движењето, каде што се остваруваат претходно нагласените случаи кои се во однос на загрозувањето на животот на граѓаните или имото на граѓаните. Ќе повторам, ценам дека во овој случај полицијата треба да биде задолжена, а не да и се даде факултативно право или факултативна можност на постапка или непостапка, бидејки може да се случи или можеме да дојдеме во стостојба поради наведените случаи кои се поврзани со загрозувањето на животот на граѓаните или нивниот имот, полицијата вака како што е нагалсено во овој закон да не преземе мерки или одредени постапки.

Затоа, јас лично поаѓајки од ова што го кажав ќе го подржам амандманот за кој говориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Почитуван претседател, се радувам што почнавме конечно да ја водиме расправата во насока на содржината што ја има овој документ пред нас денес. Сакам да го изразам мојот став во однос на овој амандман. Некои од претходно разгледуваните амандмани имаа содржина, имаа смисла и дел беа прифатени од Владата, а дел беа прифатени од парламентарното мнозинство. Во конкретниот случај навистина не можам да ја разберам потребата од поднесување точно на ваков амандман од аспект што е спротивен на она за кое што разговараме, за правата на граѓаните, слободите и т.н. Во овој случај, влегуваме во една полициска работа која е главно прашање на проценка од безбедносни ризици, криминални ризици или било кои други ризици кои не можат така прецизно да се утврдат во една нормативна пракса како што е законодавната пракса.

Јас би сакал да посочам, ако го прифатиме овој амандман денес на седницата, тоа ќе значи дека при секоја посета на Претседателот на Република Македонија во ова Собрание, во оваа сала или при секоја посета на претседателот на Владата на Република Македонија во оваа сала, полицијата ќе биде задолжена да го спроведе овој став од членот 60, што апсолутно мислам дека е неприфатливо. Затоа, ценам дека има голем сегмент од работата на полицијата, која навистина излегува од оваа можност ние да ги утврдиме постапките, кои треба да се оставаат на тие стручни луѓе кои работат во полицијата да оценат во која ситуација има потреба од преземање на кои безбедносни мерки или мерки за заштита на животот на луѓето и на имотот на луѓето.

Затоа, навистина сум изненаден, прво, од поднесувањето на ваков амандман и ценам дека би било безпредметно да продолжиме со оваа расправа. Сметам дека колешката Роза Топузова-Каревска треба да го повлече амандманот, поради тоа што навлегуваме во една работа која може да направи огромни проблеми на полицијата при вршењето на своите задачи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави пратеникот госпоѓа Роза Топузова-Каревска, една минута, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко ќе кажам, кога се читаат одредени ставови или членови се читаат во целина. Овде почитуваниот колега извади само еден дел од контекст и до тука за тој дел можеби и се согласувам за она што го говореше. Меѓутоа, дека не се работи за човекови права навистина сум изненадена од неговата дискусија. Зарем има поголемо човеково право од правото на живот. Вели се загрозува животот на луѓето. Реков во оној дел, можеби не е целиот амандман, јас и

говорев околу тоа како е дефиниран овој став и токму поради тоа требаше можеби малку повеќе да се забавиме со целиот закон. Но сега да не ја враќаме работата назад. Во овој случај јас држам дека животот на луѓето е најголемо човеково право. Поголемо од човековото право, апсолутно не знам и негледам каде е тука контрадикторноста кога се загрозува животот на повеќе луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Аднан Јашари, една минута.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам.

Јас би се согласил со претходниот колега и би било добро да се прочита добро текстот на став 2 и во текстот нема неколку зборови или отсуствуваат. Затоа, би било добро текстот од став 2 да се прецизира и со подзаконски акт да се утврдат состојбите кога и на каков начин и услови ќе може полицијата да постапи во насока на отстранување на загрозувањето на животот на граѓаните и нивниот живот. Повторувам, би било добро на крајот на реченицата во овој став да се нагласи со подзаконски акт дека ќе се прецизира овој став. За жал, поради сето ова и поради неточноста на овој став го поддржувам предложениот амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Вељановски Трајко.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Во однос на овој амандман што го има поднесено пратеничката Роза Топузова-Каревска, би сакал да укажам на некои работи.

Прво, за да биде јасно пред јавноста за што се однесува овој амандман, би го прочитал, бидејќи е краток.

Во членот 60 став 2 зборот "може", да се замени со зборот "треба". Во објаснувањето од пратеничката Роза Топузова-Каревска не укажа и не знам дали е нејзина страна при правењето на амдманот е направена грешка. Во членот 60 став 2 два пати се повторува зборот "може". Тоа е правна терминологија и стручно многу е значајно, затоа што ако се замени зборот "може" треба на двете места во ставот 2 да биде заменет зборот со "треба". Ќе се доведеме во ситуација каде што пишува дека ако оправдано може да се очекува, а сега треба да биде "ако оправдано треба да се очекува". Никаде го нема тоа дека некој оправдано треба да очекува. Пратеничката Роза Топузова-Каревска кажа дека при објаснувањето на ставот 2 дека полицијата може да го испразни тој простор или објект. И, тука бара да се изврши замена на зборот "може" со зборот "треба", што е дискутабилно, но пак има некоја содржина. Но, вака поставен амандман во кој што се кажува дека зборот "може" се заменува со зборот "треба, тогаш доаѓаме во ситуација ако се прифати амандманот дека "ако оправдано треба да се очекува". Никаде не може и не стоело во ниеден закон, во ниеден пропис дека некој оправдано треба да очекува. Значи, тука е направен лапсус во правењето на амандманот, кој што сметам дека пратеничката треба да води сметка, затоа што со прифаќање на овој амандман многу големи правни последици може да доведе прифаќањето на овој амандман. Тоа е едната работа.

Второто може да се види од целиот закон, а поготово членот 60 дека многу е значајно за да се има одредена слобода во постапување при конкретни ситуации. Тоа може да се види и од членот 60 став 3, каде што вели "полицијата може да изврши противтеротистички преглед". Значи, неслучајно и во ставот 2, како што е и во ставот 3 кажан зборот "може" затоа што доаѓаме во некоја конкретна ситуација каде што не треба да ги оптоваруваме службите и полицијата со задолжително постапување и покрај тоа што нема потреба. Значи, треба да се даде одредена слобода, како што кажа и пратеникот Павле Трајанов од неговото искуство, во кое што со задолжително постапување на полицијата и покрај тоа што треба да се очекува во таа конкретна ситуација дека нема потреба од испразнување на тој простор или објект да забрани пристап, да изврши преглед и привремено да го ограничи движењето во него, да мора согласно законот, ако се смени зборот "може" со "треба", да мора да го направи тоа. Тоа дава дополнителни материјални трошоци, дополнителен притисок во колината, создава ситуации во кои што непотребно ние налагаме на полицијата што треба да направи, покрај тоа што самата ситуација не го укажува тоа. Затоа, не треба многу, поготово со стручна терминологија да се расфрламе, неводејќи сметка какви се консеквенци може тоа да доведе.

Јас би ја оправдал пратеничката Роза Топузова-Каревска затоа што ова може да го убеди некој правник кој што поготово се занимава со норматива, со стручна терминологија. Јас колку што знам таа не е правник и мислам дека вакво непотребно упаѓање во одредени членови може да создаде големи, големи проблеми при постапувањето на полицијата. Затоа, би ја замолил, а претходно и ние водевме дискусија по овој закон, каде укажуваме по овој амандман дека може да создаде проблеми од нејзина страна и мислам дека дојдовме во една ситуација што таа укажа дека тоа може да создаде проблеми и рече дека ќе размисли во однос на повлекувањето на овој амандман.

Би сакал и би апелирал, како што апелираа и другите пратеници, со вакква стручна терминологија да не создадеме дополнителни проблеми, кои што со самото практицирање на законот нема да биде целисходно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Роза Топузова-Каревска побара реплика.

Повелете, имате три минути.

**Роза Топузова-Каревска:** Нема толку многу да одземам време и благодарам на тоа што ми овозможувате повеќе време, но навистина немам потреба од толку.

**Љубиша Георгиевски:** Така ме задолжува Деловникот.

**Роза Топузова-Каревска:** Јас би го замолила единствено на самиот почеток почитуваниот колега овде пред македонската јавност да не се декларираме кој колку знае и од чија област тоа припаѓа. Навистина, не сум правник, но сум избрана од граѓаните и освен тоа сум должна за работи кои што можеби недоволно стручно и терминолошки ги разбирам, да се консултирам со правници и тоа правници кои што ја разбираат оваа област. Тоа значи подготвувајќи ги сите 17 амандмани сум се консултирала и ми имаат укажано луѓе кои што ја разбираат областа. Не велам дека не може да се направи одреден превид или во правото неколку работи да се толкуваат на различен начин, меѓутоа, не знам што не е јасно во образложението кога стои дека “со овој амандман се предлага полицијата облигаторно да преземе определени дејствија во одредени случаи со цел да се избегне загрозување на животот на повеќе луѓе или имот од поголеми размери”, кое што образложение го спомна почитуваниот колега. Сметам дека нема потреба од овој начин на дискусија да се омаловажуваме меѓу себе и да се навредуваме, затоа што сите пратеници можеме да дискутираме по сите области и за тоа сносиме одговорност. А, како ние ќе дојдеме до одредени одредби , тоа веќе е наша одлука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вељановски Трајко има една минута контра реплика.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Јас само сакав да укажам дека е многу битна стручната терминологија каде што може да има правни последици при примената на законот. Пратеничката Роза Топузова-Каревска не го спомна тоа што јас го поставив како прашање затоа што согласно со овој аманман два пати се појавува во членот 60 став 2 зборот “може”. До некаде би можело да се прифати ако зборот “може” да се замени каде што полицијата може да го испразни тој простор или објект. Но, при првото појавување на зборот “може”, а тоа оправдано може да се очекува да се замени, ако оправдано може да се очекува, тогаш создава таква забуна при самиот закон, при што не би бил применлив стамиот закон. На тој начин апелирав да води сметка дека таа стручна терминологија може да воведе непримена на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Репблика има госпоѓа Лалчевска три минути.

**Ристана Лалчевска:** Јас навреме бев јавена за реплика, меѓутоа, го дочекав конечно својот ред. Се јавив само во смисла на едно дополнување на она што го кажа мојот ценет колега Трајко Вељановски, а мојот став е сосема идентичен со неговиот, но јас тука би дополнила за да се добие поголема суштина во две работи.

Прво, во поднесениот амандман на колешката Топузова се бара зборот “може” да се замени со зборот “треба”. Меѓутоа, во самиот член во ставот во кој се врши измената на две места го има зборот “треба”. Сега, станува нејасно кој збор може или треба да се промени. Значи, дали првиот или вториот збор. Тоа е една нејаснотија во амандманот и доведува до една заблуда. Исто така, она што го кажа колегата во врска со таа техничка недотераност на амандманот, во самото објаснување се бара наметнување на облигаторно поставување. Меѓутоа, за да наметнете облигаторно поставување се користи зборот “мора”.Тогаш да, наметнувате навистина облигаторно постапување. Вака, кога барате да се промени зборот “може” со зборот “треба”, повторно имаме простор на одлука дали треба или не треба, а во објаснувањето и тука е таа забуна која се сака со овој амандман да се внесе. Како тоа наметнуваме облигаторно постапување кога користиме несоодветен збор за наметнување на облигација. Тоа беше само едно мое дополнување на она што го издискутира мојот почитуван колега.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Блерим Меџети.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Почитувани присутни во однос на амандманот предложен од страна на госпоќа Каревска се однесува на членот 60 став 2, неслучајно и од страна на правниците се поставија две дилеми дека треба да биде “моче” или “треба”. Јас лично ќе го поддржам амандманот во функција на она да придонесам овој член кој што е исклучително значаен за граќаните и општеството во целина, бидејќи вака како што е изготвен остава многу простор не на двострано разбирање, туку и на повеќестрано разбирање на истиот.

Потполно се согласувам и со господинот Вељановски и со другите, дека овде два пати се појавува зборот “може”. Ова е уште една причина плус за тоа што јас се вклучувам во расправа за амандманите еден ден порано и неслучајно го повикав предлагачот да го повлече овој закон и да го врати во парламентарна постапка, подобро изготвен, повторно изготвен во функција на тоа да имаме колку што е можно повеќе реформаторски закон и покомпатибилен со законодавствата на државите на Европска Унија. Унија, во која то и ние сакаме да влеземе. Бидејќи, реков дека се говори за еден многу значаен член за кој не сакам да ги повторам истите факти кои што се наброени тука од 1 до 5, бидејќи законот го имате пред вас. Самиот факт што се говори за приведување на лица во објекти во кои што може да има опасност по граѓаните или за материјалните добра во ова општество, значи зборот “може” остава да се разбере дека може и вака меѓутоа може и онака, може и поинаку. Затоа, уште еднаш ја повикувам госпоѓата министер да го повлече законот. Можеби веќе станувам малку досаден на неа, меѓутоа се надевам дека ќе ме разбере, затоа што треба и овој член да се прецизира.

Господине Георгиевски ви блгодарам за сугестиите, меѓутоа, дозволете јас да ви сугерирам дека секој член е дел од законот.

**Љубиша Георгиевски:** Сугерирам било што, јас ве опоменувам дека се оддалечувате од материјата. Имам право да ве опоменам еднаш или два пати. Тоа е деловники.

**Блерим Беџети:** Дозволете да завршам со мојата мисла и да ги дадам и моите сугести, да го дадам и јас мојот придонес за еден колку што е можно повеќе реформаторски закон и колку што е можно подобар закон за граѓаните на Република Македонија. Доколку не можам да го убедам предлагачот или мнозинството, тоа е нешто друго.

Ова беа некои од причините зошто јас ќе го поддржам овој амандман предложен од госпоѓа Каревска, затоа што сум обврзан да навлегувам малку повеќе во деталите. Самиот факт за тоа што се говори, а сега ќе прочитам тоа што е напишано: "Лице затекнато во извршување на кривично дело кое се дало во бегство. Пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бегство. Пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница согласно со закон. Постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност. Заради обезбедување на документација за успешно водење на кривична постапка". Доколку ја прочитаме точка 1 до точка 5, ќе видиме дека се говори за работи кои што се исклучително значајни. Да се дозволи да се остави простор со зборот "може" речиси дека е неразбирливо. Затоа, јас ќе го поддржам овој амандман. Исто така, треба да се интервенира и на двете места каде што стои зборот "може", за да не се остави простор, затоа што минатото го докажува токму истото дека во оваа држава има повеќе проблеми со Министерството за внатрешни работи, отколку со другите ресори. Значи, за да не се остави манипулативен простор и за да биде облигаторно како според правата, така и според одговорностите, бидејќи се говори за исклучително значајни работи.

Сосема на крај овој член треба да се прецизира и на овој став може да се додаде уште нешто друго, како што рекоа и претходните говорници, сето ова докажува дека овој член и овој закон во целост има хендикеп и тоа е причината што овој закон, вклучително со овој член треба да се повлече од парламентарна постапка, да се врати на повторна доработка и повторно да се достави до Собранието на подобар и на попрофесионален начин изготвен, за да не постојат вакви дилеми за многу значајни работи, како што се говори за лица кои што извршиле тешки дела или тероризам и тн..

**Љубиша Георгиевски:** На истото место и на ист начин повторно се оддалечувате од темата.

**Блерим Беџети:** Тоа е мојата логика на размислување господине Георгиевски, дека тоа ќе беше во интерес на граѓаните и на Република Македонија.

Значи, еден подобро изготвен член, подобро прецизиран член и во целост еден пореформаторски закон, во согласност со законите кои постојат во Унијата кон која претендираме и ние.

Сосема на крај, ова се причините и јас сепак ќе го почитувам напорот што го вложила госпоѓата Каровска, со својата интервенција, за овој член. Јас ќе го поддржам амандманот, за членот да биде попрецизен и да не постојат манипулативни дилеми во однос на овој член и да биде во попрецизна функција и на органот за внатрешни работи меѓутоа и на граѓаните и на општеството во целина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Господине Георгиевски, почитувани пратеници,

Гледано во целост членот 60 навистина говори за едно чувствително прашање во правец на безбедноста на граѓаните на Република Македонија, гледано од овој амандман, кој е предложен дека треба или според мене има два приоритети кои го уредуваат принципот на безбедност.

Со оглед на фактот што во овој правец се јавува еден вид двоумење дали навистина треба да бидам за амандманот или за самиот член предложен во овој закон. Во целост овој член од Законот не ги има прецизирано како што треба неколку принципи на правото на граѓанинот, на безбедноста на граѓанинот, во случај на опасност. Дали треба и дали може во тој правец, за еден случај кој според овој член не е нагласено дали навистина постои или не постои некоја конкретна опасност во еден даден објект или во еден простор, говорам околу амандманот, дали може да се интервенира на овој начин, бидејќи има и такви случаи, на пример кога полицијата може да се сомнева дека на еден објект или на еден простор му се заканува опасност и тоа да не биде валидно, бидејќи можеби било само умисла или најава, воопшто не се говори за загрозувањето на тој простор или објект.

Кога говорам за ова, дали може или треба да се интервенира за испразнувањето на објектот или испразнувањето на еден простор, верувајте ми често пати сме имале случаи да се загрози имотот на граѓанинот и правото на приватниот имот на соодветниот граѓанин. Сам сум бил сведок на случаи за една најавена опасност во една георгафска целина, во една поголема дистанца од предвидената опасност кога дојде до испразнување на една поголема целина на одредена територија, односно подрачје. Тука, верувајте ми имаше злоупотреби од лица, неидентификувани лица. Но, имало и случаи од не велам за сите, припадници на Министерството за внатрешни работи, имало и такви случаи на сомнеж дека постоела можност да се дојде до злоупотреби, можеби и од припадниците на Министерството за внатрешни работи. Што сакам да кажам со ова?

Овој амандман треба да се прецизира, во конкретниот случај и самиот член, бидејќи и членот треба да ги прецизира сите елементи кои ги предвидувам, според мое мислење, не сум правник, но за да го осветли овој случај. Сега се двоумам или ќе бидам воздржам во оваа насока, околу амандманот, дали треба да се гласа или не, бидејќи самиот член во детали не е прецизиран. Фактички овој амандман треба да има своја основа, и правна , но и практична основа, во кои услови на пример припадниците на полицијата треба да интервенираат во правец на испразнување на некој објект или конкретен простор. Кога ќе се дефинира како што треба овој член и овој став, конкретно каде се интервенира со амандман, би било многу појасен и начинот и постапката на интервенирањето преку овој предложен амандман. Мислам дека интервенцијата со амандманот од госпоѓа Роза Топузова-Каревска е во правец на квалитетно подобрување на овој став и конкретно на овој член, за да се подобри во целост, како и целиот закон за полиција. Мислам дека и Министерството треба да го има предвид овој амандман, да ги дефинира овие работи и да не дојде до злоупотреба од надлежните органи, како резултат на законските недоречености, поради недобро дефинирање на одредени членови.

Во однос на овој амандман ќе биде воздржан, бидејќи не е дефиниран како што го бара тоа самиот член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Благодарам.

Во однос на амандманот предложен од колешката пратеник, мислам дека проблемот не е во терминологијата на тој еден збор. Од друга страна, сепак се радувам што господинот од мнозинството, господинот Димевски се придружи кон овој амандман со тоа што рековте дека е релевантно. Меѓутоа, е релевантно за прашања кои се многу порелевантни. Тука се изразува една желба, желба за придонес во подобрувањето на законот од страна на госпоѓата Каревска затоа што тука проблемот е во тоа, во кој случај правото на живот се загрозува, а полицијата треба задолжително да интервенира и да преземе предвидени мерки со овој член.

Другиот проблем е во тоа, како што спомна и почитуваниот колега Димевски. Во овие случаи може да се злоупотреби правото дадено со овој член. Меѓутоа, во конкретниот случај кога говори, како што спомна и самиот, доколку има обезбедување на некое лице каде полицијата може да го злоупотреби тоа право. Јас би ве насочил и во друг аспект, што се однесува на тоа дека два пати се употребува зборот “може”. Доколку го прочитаме ставот 2, за кој и госпоѓата Роза Топузова-Каревска интервенирала. Имаме во продолжение и уште еден друг став, ставот 3, што се однесува на противтерористички преглед каде повторно се вели дека може да изврши во простории и објекти. Јас разбирам дека и од самото непрецизирање, далеку од тоа што колегата кажа, неколку дена или неколку недели порано, дека законот ни бил совршен или перфектен. Далеку од тоа дека не е совршен, туку и остава простор за арбитрарни интерпретации, било на смислата, значи за дејствувања кои би биле арбитрарни, било во смисла кога тие дејствија, како што е овој случај кога се говори за тоа дека тероризмот е најголемата закана на векот во кој влеговме. Значи, во два аспекти. Од една страна треба да се користи таа терминологија што ја предлага госпоѓата Каревска, меѓутоа од друга страна, не треба, принудувајќи ги, на некој начин и оставајќи и простор на полицијата да дејствува, во тој случај да може да има и злоупотреби и недефинирани прашања во законот. Значи, може да се интервенира во објектите, може да се влегува во објектите и просториите каде реално не треба да биде задолжителна интервенцијата на полицијата. Уште еднаш ќе нагласам дека е добро и е последен момент затоа што останаа уште многу малку амандмани, а потоа завршуваме со амандманите и доколку не се освестат пратениците за да имаме дебата и да бидеме релевантни во смислата што ја кажа господинот Димевски, значи да бидат релевантни затоа што кога говориме за текстот на законот, секако дека ние, а ова е само најава, господине Георгиевски. Само велам дека многу убаво ќе објасниме, бидејќи доколку сега мнозинството не интервенира, или пак доколку не придонесе во подобрување на овој закон што и не е нивни, тогаш кога говориме за текстот на законот, ќе биде многу доцна да се интервенира затоа што се ќе заврши и граѓаните ќе видат дека тие ги издале нивните интереси. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги мослам службите уште еднаш да достават точен број на присутните пратеници во салата, а пратениците ги молам да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 2, воздржано 3, против 57.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Повелете господине Џеват Адеми, процедурално баравте.

**Џеват Адеми:** Почитувани присутни, почитувана госпоѓо министер,

Дозволете ми да објавам една вест која ја добив пред помалку од една минута.

Се додека ние овде расправаме за законот за полицијата, во овие моменти, се додека јас говорам овде пред вас, Ректорот на државниот универзитет во Тетово е во залог од вооружени лица, објектот на Ректоратот на Тетовскиот универзитет е во опсада од вооружени лица.

Барање за интервенција до полицијата имало, а полицијата, почитувана министер, не интервенирала. Пораката е лоша и ја проследуваме до граѓаните.

Ние сакаме да донесеме закон кој ќе не приближи што поблиску до Европа, за да бидеме дел од Европа. Истовремено во пракса се покажува како не функционира полицијата, како се злоупотребува вниманието на јавноста околу законот за полиција, и како се занемарува една државна институција која со еден закон донесен од овој Парламент, не од овој состав, ние сме го изготвиле.

Бидејќи министерот за внатрешни работи е задолжена да биде овде се додека се расправа по законот, ве молам, господине Георгиевски да ми дадете пауза и во меѓувреме министерот да си ја врши својата обврска. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

Нема никаква паника во Тетовскиот универзитет. Таму не се случува ништо. Нема ниту опколување, нема ниту некакви незаконски постапки, само што се прави промена на Ректорот, значи има примопредавање на должноста таму и тоа се е во ред. Се друго е врз законска основа, така како што е утврдено во законот. Доколку таму има лица кои не се потчинуваат на законот или пак настојуваат тврдоглаво да ја работат својата работа, тој е нивни проблем. Значи, таму не се случува ништо надвор од законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Се додека Собранието не добие официјални информации околу било каков настан, на било кое место, ја продолжуваме седницата нормално.

Повелете господине Рафис Алити, само еднаш, процедурално.

**Рафис Алити:** Не еднаш. По Деловник имаме право на процедурално јавување.

Ние бараме еден час пауза поради создадената состојба во Државниот универзитет во Тетово и не можеме ние, луѓе од политиката кои седиме овде, со немарност, невнимание или толку лесно да ги гледаме работите кои се случуваат на овој универзитет. Без оглед на тоа што говори господинот од ДПА, ние сме загрижени и бараме еден час пауза. Госпоѓата министер е тука и мислам дека во меѓувреме треба да добие информации што се случува таму. Таа е најповикана да не информира дали е вистина дека Државниот универзитет во Тетово е во опсада.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

**Рафис Алити:** Претседателе, јас барав еден час пауза и барам информација од министерката.

Љубиша Георгиевски: Информацијата е друго.

15 минути пауза. По Деловник имам право да дадам пауза до еден час.

**Рафис Алити:** Не е така.

**Љубиша Георгиевски:** Така е.

Давам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,40 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Продолжуваме со расправата.

Процедурално три минути, господинот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Во име на прарламентарната група на ДУИ и ПДП сакам да ја дадам оваа изјава како јавна, како последица на создадената ситуација од почетокот на практикување на власта од актуелното мнозинство се врши насилство во институциите, се потценуваат авторитети како што е во оваа прилика и Ректоратот на Универзитетот во Тетово потврдуваајќи ја автономијата, потврдувајќи ја посветеноста значи за овој парламентарен состав и за почитувањето на институциите, за почитување на функционирањето на државата.

**Љубиша Георгиевски:** Квалитет на вашата интервенција.

**Џеват Адеми:** Пак ми одземате од трите минути.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ви додадам, но дозволете да кажам дека ова не е медиум, сепак медиумите ќе си пренесат.

**Џеват Адеми:** Јас од оваа говорница се обратив на министерот за вантрешни работи. Побарав во времето кога ние расправаме за законот за полиција, една институција основана од страна на овој орган, во неа се врши насилство од лица идентификувани, јавни лица и лица кои се службеници на партијата на власта. Јас побарав државата да си ја врши својата должност, значи да докажат дека ние знаеме да почитуваме институции, знаеме да почитуваме и процедура. Никој нема ниту на памет да стане адвокат на некого. Меѓутоа има процедура, има начин, има органи, значи постои Сенатот на Универзитетот во Тетово. Тоа е таа институција која што е повикана да направи измени. Затоа ние осудувајќи ја оваа практика всушност ова е веќе дежаву за нас, затоа што не е прв пат. Преку оваа говорница ние преку овој авторитативен орган се обраќаме до јавноста и до народот за тоа како пред очите и на министерството за внатрешни работи, пред очите и на претставниците кои што се легитимни претставници на народот се врши насилство во институциите кои што се основани од нас. Додека од госпоѓата министер инсистирам на информација.

**Љубиша Георгиевски:** Прекинуваме со секаква процедурална расправа вон од нашите проблеми тука и нашиот дневен ред.

Должен сум да ве известам дека според моите официјални информации на цела територија на Република Македонија се е во совршен ред.

Отворам претрес по амандманот на член 65 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Весна Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитувани пратеници, во членот 65 во поглавјето: Снимање на јавни места има неколку ставки, станува збор за траен аудиовидео надзор над јавни места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци со цел за нивно спречување. На сите ни е сосема јасно дека аудиовидео надзор може да има на прометни сообраќајници и сме виделе такви нешта, за да се регистрираат сообраќајните прекршоци. Немам ништо против таквото нешто, ако навистина постои такво место каде што е зачестен криминалот. Се случува понекогаш во нашата јавност да добиеме информација дека во одредено кафуле, или во одреден диско клуб, или во некои специјални мотели и хотели се случува кршење на законот и немам ништо против таквото нешто. Но, се надевам дека со правилник ќе се регулира што е тоа зачестено извршување на кривични дела, бидејќи не очекувам во законот да биде такво нешто направено. Но, тука станува збор и за аудиовидео надзор на јавни собири, постојан аудиовидео надзор не само на јавни собири туку и на други јавни случувања. Сметам дека во овој амандман кој јас го предлагам, а кој гласи дека под снимање на јавни места во смисла на став 1 од овој Предлог закон не се подразбира седиште и канцеларии, локални организации на политички партии и невладини организации и домовите на партиските функционери, освен ако постои основано сомнение за сторено кривично дело во смисла на Кривичниот закон на Република Македонија. Значи, со ова што јас го предлагам сметам дека ќе се заштитат човековите права и нема да се злоупотребува овој член од овој закон.

При изготвувањето на овој амандман постојана беше грижата за неповредливоста на домот на секој граѓанин и ограничувањето на правата и слободите утврдени во темелните вредности на Уставот на Република Македонија од страна на полицијата од причини што формулацијата: снимање на јавни места во член 65 е преопшто дадена и тоа како терминолошки, така и формално правно. Неоспорен е фактот дека било чиј дом може да се наоѓа на, или пред јавно место каде што може да биде поставен уредот за траен аудио и видео надзор, а истовремено местото каде што е тој поставен може да биде определено како место каде што зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци. Но, воедно може да дојде до злоупотреба од страна на полицијата дотолку повеќе и до сторување на друго кривично дело казниво по член 145 став 1 и 2 од Кривичниот закон на Република Македонија и член 174, изнесување на лични и семејни прилики казниво во Кривичниот закон на Република Македонија, исто така како и неовластено снимање член 152 од истиот закон. Тежината на овие евентуално сторени кривични дела е дотолку поголема доколку се причините од страна на службено лице. Исто така, седиштето и канцелариите на политичките партии, нивните истурени единици кои во најголем број се наоѓаат на јавни места не би требало да бидат опфатени со овој закон поради понапред веќе наведените причини. Едноставен пример за тоа е кога една политичка партија на власт и ги има инструментите на власт во свои раце при вака постоечка уреденост на овој член слободно може да ги злоупотреби своите овластувања, па така седиштето, канцелариите или домот на политичкиот опонент може да го прогласи како место каде што зачестено се одвиваат кривични дела или прекршоци и за сметка на законската регулатива и снимање. Дефакто да биде снимен и следен политичкиот противник.

Би сакала да ве потсетам дека злоупотреба при непостоење на ваков закон на аудио и видео следење на политички функционери во оваа земја имало. И ве потсетувам на аферата “Прислушкување”, која во нашата земја предизвика бурни реакции и која предизвика навистина политички консеквенции за сторителите, или несторителите, бидејќи мене навистина се уште не ми е јасно што тогаш се случуваше, но сосема ми е јасно дека се случуваше во еден критичен момент на земјата.

Сакам да ве потсетам и на досието “темел” за кое никој не сака да продискутира во оваа држава и за кое би требало сите оние кои се декларираат за ВМРО да бидат многу заинтересирани, иако во овој момет и некои од нив не сакаат да го спомнат, а се однесува на фактот дека одредени политички партии кои биле на власт ќе ја злоупотребувале полициската служба да ги следат и да набавуваат некакви, значи несоодветни докази против своите политички опоненти. Такви докази се користени во судски процеси за прогон на неподобните ВМРО-вци во оваа земја не само од 1945 година, туку и во поновата историја на нашата татковина.

Во овој член од законот би имало многу нешта да се дискутираат кои се според мене не сосема доизречени. Но, сметам дека со една ваква интервенција, значи да се исклучат политичките функционери, седиштата на политичките партии, се разбира се додека нема основано сомнение дека некој таков евентуален функционер сторил кривично дело.

Сметам ќе придонесе и за развој на демократијата која кај нас е се уште млада и не е онаква како што е тоа во Западно европските земји и ќе овозможи период на адаптација, односно полициската реформа и полициската стручност во следните неколку години да достигне соодветно ниво за да не може да се злоупотребува нивната, ова ќе стане обврска во иднина. Зна чи, не станува збор дека само кривично можат да бидат гонети тие кои по наредба на некој друг ќе сторат несоодветно, еве

благо ќе речам аудиовидео мониторирање на некој кој е политички опонент, туку станува и прекршување на базичното човеково право да има слобода на движење, на говор и на мислење и базично прекршување на човековото слободно право да се злоупотреби аудиовидео мониторирањето во некаков си нареден евентуален судски процес. А да не зборувам за злоупотреба на секвенци, да речеме од нечиј разговор, или нечие движење во медиумите што во Македонија сме имале прилика да го видиме и да го доживееме. Како и да биде тоа нешто злоупотребено, тоа значи дека ќе се нанесе огромна политичка штета на политичкиот опонент. Со оглед на тоа дека луѓе од мојата партија и луѓе од партијата ВМРО-ДПМНЕ имаат вакви искуства, значи биле следени, биле мониторирани и тоа е злоупотребувано против нив воопшто неаргументирано. Чуствувам должност кон сите ВМРО-вци од 1945 година до ден денес да не се откажам од овој амандман и да побарам од сите чесни пратеници во овој Парламент, од целата македонска јавност да ме подржат барем за овој дел.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе. Амандманот на госпоѓата Јаневска не само што ќе го поддржам, туку ќе искористам прилика да се заложам оваа подршка да ја дадат и другите пратеници во Собранието, дотолку повеќе што амандманот директно задира во ефективната заштита на со Устав гарантираните човекови права и слободи. Имено, членот 65 зборува за јавни места. Меѓутоа, не прави јавна дистинкција дека во рамките на тие јавни места можат да бидат сместени и домовите на носителите на политички функции, невладини организации, седишта на политички партии. Имајќи ги предвид можностите на софистицираната технологија во тој правец сосема е логичо со еден ваков амандман да се оневозможат евентуално ваквите дејствија кои што директно се на штета на уставно гарантираното право на неповредливоста на домот на човекот, неговото слободно движење, изјаснување, итн. Според тоа имајќи го предвид сето она што госпоѓаста Јаневска го има во образложението на амандманот и она што го кажа при елаборирањето на амандманот на што не може многу повеќе да се додаде, а имајќи го предвид и искуството што сме го имале во минатото и не сум баш сигурен дека и во сегашноста не се случува, во правец на превенција на ваквите можни пречекорувања на овластувања и злоупотреби амандманот заслужува да биде поддржан и јас од се срце ќе го поддржам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Роза Топузова-Каревска .

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ќе се обидам во овие неколку минути до паузата да дадам поддршка на амандманот поднесен од почитуваната колешка Весна Јаневска. Имено членот 65 влегува во главата која што ги третира полициските овластувања. И тука и јас имам доста забелешки, на некои поднесов амандмани. Конкретно и на овој член имам амандман, но тој следува после ова и се однесува за снимањето на јавни места. Сметам дека она што овде беше изнесено од претходните дискутанти апсолутно држи. Со оглед на тоа, ако се има предвид фактот, како што реков и многу малку се водело сметка при изготвување на законот за човековите права. А вака изречените и вака поставениот член и изречените одредби, значи оставаат голем простор за злоупотреба и манипулација од страна на полицијата.

Почитувани колеги пратеници се работи за траен аудио и видео надзор. Ако не се исклучат наведените места кои што ги имаме во амандманот од почитуваната колешка Весна Јаневска, мислам навистина во голема мера се загрозуваат човековите права и се загрозува демократијата. Сведоци сме дека многу често имаме злоупотреба при снимањето и видео надзорот, уште повеќе при аудио снимањата од страна на полицијата, особено на лица кои што тие сметаат дека треба да бидат под некаков надзор. Секако дека доколку било кој во оваа држава без разлика дали тоа е припадник на политичка партија, пратеник, или со друга политичка функција, направил кривично дело не смее да биде изземен од она што се должности на полицијата. Но, за да не дојде до злоупотреба само во таа насока го толкувам амандманот на почитуваната колешка. Значи, имаме строго дефинирано во кои случаи не смее да имаме траен аудио и видео надзор. Доста беше говорено за неприкосновеноста на домот. Јас нема да се повторувам, само сакав да дадам поддршка. Се надевам дека и другите колеги ќе наидат на разбирање, затоа што навистина се работи за многу, многу сериозен член кој што е недоизречен и во голема мера може да ги загрози како човековите права и слободи, така и демократијата во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза за ручек. Ќе продолжиме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Илија Димовски.

На кого ви е репликата?

**Илија Димовски:** Репликата ми е на госпоѓата Роза Топузова Каревска, меѓутоа таа не е присутна но сепак јас ќе го искажам моето мислење.

**Љубиша Георгиевски:** Само три минути.

**Илија Димовски:** Значи во насока да не се доведеме во превид на оаа состојба која што ја дискутираме и која што е многу значајна во смисла на спроведување на законот во наредниот период, јас би сакал да поренцирам што е содржината на ставот 1 во член 65, значи дословно во снимање на јавни места. Во смисла на овој закон, подразбира правење на траен аудио и видео надзор над јавните места. Значи,

јавните места, каде зачестено се извршуваат кривични дела, или прекршоци, со цел за нивно спречување.

Значи, дословно е посочено дека траен видео и аудио запис ќе се извршува над јавните места, каде што зачестено се извршуваат кривични или прекршочни дела.

Во амандманот кој што ни беше доставен се вели следното: под снимање на јавни места во смисла на став 1 од овој предлог закон, не се подразбира седишта и канцеларии локални организации на политички партии и невладини организации и домови на партиски функционери, освен, ако постои основано сомневање за сторено кривично дело.

Јас сметам дека овој амандман само го оптоварува законот и со ништо не дава придонес во попрецизно дефинирање на оваа проблематика.

Зошто го велам ова. Јас овој дел од Законот за полиција го подразбирам како модерницација на елементите со кои што полицијата ќе може да располага во откривањетона кривичните или прекршочните дела. Не би сакал практично да зборувам за примена на овој дел од Законот поради ограниченоста на времето, меѓутоа, ова како можност многу држави го користат, пред се, во утврдувањето на прекршоците во областа на сообраќајот. Така да, јас во таа насока го разбирам како примена ова.

Од друга страна, едноставно едниот член со другиот член се подудара во делот каде што се вели: “каде зачестено се извршуваат кривични дела”. Во амандманот вели:”основано сомнение за извршено кривично дело”. Значи, имаме сосема голема разлика и ваквото внесување на овој член ќе доведе до ситуација каде полицијата ќе треба да бира, дали на некои места каде што се извршуваат кривични дела е докажано дека се извршуваат кривични дела, или на неке место каде што има основано сомнение.

Напротив, со овој амандман се овозможува на некоја ненародна полиција, многу построго да го применува и да направи сосема обратна ситуација.

И уште едно домовите на партиските функционери, апсолутно, не се јавни места. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контрареплика се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Не знам зошто мене ми беше упатена репликата спомнувајќи не народна полиција. Никаде не спомнав во моето излагање народна или ненародна полиција. Само за да не остане недоречено пред македонската јавност, овој амандман е на почитуваната колешка, госпоѓата Весна Јаневска. Јас само дадов поддршка за она што мслам дека е добро во овој член. Апсолутно, не навлегувам во овие исклучоци или овие образложенија што ги кажа колегата.

Навистина, немаше потреба, на погрешна адреса беше упатена репликата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам. Во член 65 од предлог законот за полиција, каде се говори за снимање на јавни места, нормално од страна на полициските органи, има четири става и преку овој амандман се предлага да се додаде уште еден став, нов став 2, со настојување, како што се вели да се конкретизира ставот 1.

Во став 1 од овој член се говори за снимање на јавни места, или за дефинирањето на јавните места, како што се вели во овој став, се подразбира траен аудиовидео надзор на јавните места каде често пати се прават кривични дела или прекршоци, со цел, за нивно спречување.

Доколку се анализира внимателно според мене, ќе дојдеме до една констатација дека поимот често кој е нагласен во овој став би било добро да се прецизира . Во предложениот амандман не се алаборира ова прашање, бидејќи под овој поимо може да се подразбере едно или две или повеќе дела. Затоа, според мене. Предлагачот би требало да го има предвид ова прашање, бидејќи и покрај тоа се говори за едно овластување кое досега не било присутно, или не било предвидено во Законот за внатрешни работи.

Значи, се говори за едно ново овластување на полицијата, односно на полициските органи.

Од друга страна, јас исто така мислам дека еден друг поим, или едендруг збор кој се користи, како што е јавно место, се остава да се подразбере на неколку други начини, бидејќи и покрај тоа јавно место, како поим, би било добро да се дефинира.

Амандманот предложен од колешката, предвидува исто така, исклучок од ова начело кое е нагласено во ставот 1 и предлагачот настојува да ги изземе снимањата во случај кога се говори за јавни места, но каде што се наоѓаат канцелариите, или седиштата на политичките субјкекти, како што се вели во предложениот амандман, невладини организации и продолжува, домови на јавни функционери, или партиски функционери.

Со исклучок така како што се вели, кога постои сомнеч дека е извршено или направено некое кривично дело во смисла на кривичниот законик на Република Македонија.

Јас ќе кажам ека овој амандман би билодобро да се прифати и ако така како што се рече претодно амандманот за кои говориме, за несреќа во еден дел каде се говори за домовите на патиски функционери, излегува од контекстот на тоа што е јавно место.

Но, имајќи го предвид зборот дека се говори за исклучување од ставот 1, посебно ќе нагласам за објектите или седиштата на политичките субјекти, невладини организации и во овој контест кога се има предвид фактот дека која е улогата на политичките субјекти, би било сходно да се прифати амандманот.Затоа и јас ќе гласам за овој предложен амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Валентира Божиновсака, но таа не е тука.

Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке,

Јас мслам дека основниот текст по законот е добар и е попрецизен од амандманот. Амандманот ако се усвои ќе отвори многу повеќе дилеми, отколку што ќе реши. Затоа, го поддржувам основниот текст, а нема да гласам за амандманот. Оваа законска одредба е нова, но се практикува веќе во законите на западните демократски земји. Јас ќе ви кажам само еден пример. На еден наш функционер му се случи вечерта кога се вратил во хотелот после 22,00 часот констатирал дека му ги нема пасошот и парите. Пријавил во хотелот. Тамошната служба за безбедност го распрашува каде се движел, каде вечерал. Тој ги запамтил имињата на локалите и за не повеќе од два часа го известуват дека врз основа на полициската снимката во ресторанот каде што вечерал е утврдено дека токму нему му е извршена кражба. Џепчија му ги земал документите. Тој е сликан и е фатен. Тој и бил познат на полицијата, но и местото е познато бидејќиво тој ресторан оперирале крадците.

Според тоа, ова е за ваква практика каде што има чести тепачки, џепарења, дилери на дрога итн.

Јас ги сфаќам мотивите на предлагачот што кај нас во минатото и тоа не многу далечно минато се правени такви тајни снимки за полициски потреби, да се дискредитираат политичките противници. Јас сакам да ви кажам дека тогаш немаше ни вакво овластување како сега што даваме со Законот. Тогаш тоа се правело против Законот и против Уставот на Македонија. Прашање е како ние кон тоа треба да се однесуваме, дали да се бара одговорност или не. Но ние што да напишеме во законот, ако некој прави такви работи, како што сега се предвидува во образложението, што се правеле некогаш, тоа мора да го прави против законито и за тоа треба да одговара ако е полиција, полицаец итн.

Но бидејќи, целиот закон, целата работа на полицијата ја прави многу потранспарентна и позаштитен е граѓанинот од можни самоволја на разни службеници, или служби на полицијата. Мислам дека не треба ние со стравови од минатото да влегуваме сега со неизвесности, како ќе функционира ова што во светот веќе функционира и е вообичаена работа.

Еве, поради овие работи јас ги ценам намерите на предлагачот, но мислам дека основното решение во Законот е сосема добро, тоа е вообичаено решение и треба да го поддржиме, а не да гласаме за ваков амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** За реплика се јавува госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Простете господине Андов, знаете колку многу ве почитувам. Верувам ова што го кажавте, го кажавте со најдобра намера. Од истите причини од кои јас се откажав од одреден број на амандмани. Можеби вашето искуство е многу побогато и некои нешта не согледувам, но сепак, сметам дека вие многудобро ме разбравте. Токму така, јас зборував за злоупотреба, кога немаше закон. Но ништо во менталитетот на оваа земја, според мое лично мислење, па осен тоа што одреден број на луѓе се отидени во пензија, ги наследиле нивни ученици. Не зборувам за сите, и се извинувам да не бидам погрешно разбрана но вие, ви се обраќам вам, ги познавате структурите и службите како на бивша Југославија, така и на оваа Македонија и затоа јас гледам тука голема опасност. Сигурна сум затоа што сум читала ваши натписи, сум ве слушала и вас и вашите сопартијци во првата фаза на овој закон, кога точно вие зборувавте за видеомониторингот или против видео мониторингот и неговата злоупотреба. Не на овој начин на кој јас зборувам. Но генерално, за истите нешта за кои јас зборувам.

Кажав веќе кога еднаш зборував зошто чувствувам морална потреба и одговорност и обврска. Точно така јас ги знам тие примери во високо развиените демократски земји на ЕУ на САД каде што и приватното обезбедување, или службите за обезбедување со најдобра намера ги користат модерните тенолошки средства за да им ги овозможат правата на граѓаните. Значи, да се открие криминалот. Но нашето искуство во оваа земја  укажува дека кај нас тоа редовно се злоупотребува. Јас како пример ќе го спомнам мојот покоен чичко, кој знаеше да седне во кафана и со добра чашка ракија да рече:”нема иднина земјата која ја води бравар”. И после половина час редовно да биде приведуван и малтретиран врз основа на аудиозапис. Значи, не можам да се откажам од нешто за кое сум длабоко убедена, затоа што и вие добро знаете и учествувавте и зборувавте во некакви анкетни комисии. Сетете се на “Дувло”, сете те се на прислушкувањето аферата пред конфликтот, па сетете се на слушањето на новинарите, еве, не само политичарите, па богами станувашe збор и за некои претставници на Меѓународната заедница во Македонија и многу, многу сериозни работи.

Јас сум сосема свесна и вие овие денови, значи, владеачката коалиција нејзини претставници, многу добро ми го објаснивте значењето на донесувањето на овој закон, иако не требаше. Јас сама знам дека на Македонија и те како и треба закон за полиција и го поддржувам тој закон, но не можам да си простам себе си, ако во овој момент не зборувам за злоупотребите. И ден денес постојат одредени структури и служби кои ни ги слушаат телефоните од едно, две, три, или пет места. Одредени луѓе кои ја регистрираат мојата и вашата регистрациска табличка и ви ја лоцираат колата, дали била пред оваа зграда, прд онаа зграда, пред оној хотел, во овој или оној град. Знаете дека и членови на нашите семејства од време на време се набљудувани од разно разни

причини, како што можат да бидат браќа, сестри, братучеди, чичковци, вујковци. Знаете дека седиштата на политичките партии биле и можно е да бидат озвучувани. Знаете дека говори безазлени разговори на луѓе биле монтирани и злоупотребувани.

Почитувани пратеници, немам ништо против законот. Сакам Република Македонија да се доближи до ЕУ што е можно побрзо, но во тоа сум многу критична и реална и ако имаме доблест сите да се откажеме од нешто за што побрзо да се приближуваме преку законските нормативи до модерните демократии, треба да имаме доблест, да ги признаеме нашите грешки од минатото. Не случајно јас во образложението зборував за кривичниот законик. Не случајно на самиот почеток велев дека со една ваква одредба не дозволеното аудиовидео мониторирање ќе биде тешко кривично дело на оној што ќе го прави, без оглед, кој му го дозволил. Па дури има и моменти кога службеникот кој ќе снима или ќе прислушкува и тој може да биде злоупотребен. Значи, не станува збор само за правото на граѓанинот, станува збор и за одбрана на првата на службите кои ќе бидат задолжени со закон тоа да го прават.

Да не бидам погрешно сватена и да не бидам погрешно интерпретирана, јас сум патувала на Запад и знам каде се постојат и зошто постојат камери, и не е никаков проблем тоа. Овде зборувам за злоупотребата и за бранење на базичното човеково право да биде слободен. Слободен во своето дејствување, слободен во своето говорење и слободен во своето мислење. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господин Стојан Андов, реплика 3 минути.

**Стојан Андов:** Почитуван претседателе, сакам со една кратка реплика да дообјаснам, она што претходно го реков.

Јас, инаку се согласувам со госпоѓата Јаневска дека ние мораме на некој начин да се ослободиме од опасностите што се јавувале во ограничувањето и повредата на човековите права во Македонија и нашето поодамнешно минато и во овој период од донесувањето на Уствот наваму. Тоа е посебно прашање, и еве, ви кажувам дека сум остварил контакти со повеќе пратеници од разни пратенички групи кои се согласуват заедно да подготвиме и предложиме закон за лустрација. Се додека тоа што го зборуваме за минатото, останува неказнето и додека не донесеме закон со кој оние луѓе кои брутално ги повредувале правата против законот и Уставот, на луѓето правата и на политички субјекти, не бидат казнети така што ќе им биде спречено нивното натамошно јавно делување, во одреден период, до тогаш нас може да ни се повторуваат истите работи и тоа е, за ова што го зборува госпоѓа Весна Јаневска, тој страв да ни останува во свеста и да не блокира. Ве молам, меѓутоа, за да се ослободиме од таквиот страв и да го обземе таква сигурност на граѓаните дека полицијата работи за нивно добро, а не за изигрување на нивните права и за ограничување и нарушување на човековите права. Зарем тоа не е доволно тоа не се постигнува со овој амандман затоа е потребно донесување на посебни прописи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почиуван претседателе.

Прво сакам да напомнам дека вашата добра волја да промовирате поинаков начин на работа во овој законодавен дом, но во изминатите денови се злоупотребува, така што во текот на вчерашниот ден имаше обид да се отвори расправа за верските прашања, денес да се отвори расправа за состојбите во Тетовскиот универзитет, или пак денешниот дневен ред, да се користи за развлекување на носење на овој исклучително значаен законски проект.

Што се однесува до овој амандман и аргументите кои што беа изнесени, јас во основа се сложувам дека постои опасност за злоупотреба на ова законска одредба. Но исто така, сум убеден дека со предложениот текст на промена на овој член од Законот исто така ќе имаме селекција или привилегирани над кои не може да се применува една ваква законска мерка, а каде од друга страна може тоа да се прави.

Сосема се оправдани стравувањата и на Весна Јаневска и на сите други што расправаа, но ако законот се чита така како што треба видео и аудио надзор може да се направи само на јавни места. Во Законот за јавни собири е точно наведено што претставува јавно место. Ако МВР се држи до таа законска одредба каде се опишува што е јавно место, таму точно стои, тогаш не е можна злоупотреба.

Инаку, сакам да укажам дека ние не можеме да се спасиме од намерата на министерот за внатрешни работи, доколку има намера, преку овие или други законски одредби тајно да прислушува, да следи, да слика. Од тоа никој не се спасил, па и ние. Но овде се работи за сосема друга работа. Јавно, на јавни објекти да има можност да се снима или видео или аудио запис, што како мерка секаде во светот се користи, тоа е во функција на превенирање, на спречување или откривање на некои кривични дела.

Ако е веќе дефинирана ваква законска одредба таа треба да остане во законот, а во правилата за вршење на работите на МВР точно да се прецизира или да се преземе законската одредба од Законот за јавни собири каде може да се врши аудио и видео снимање. На тој начин ќе се надминат сите овие проблеми. Сигурно законот има бројни недоречености во некои членови. Овој закон треба да биде предмет на постојана анализа како и на кој начин ќе биде спроведуван. Ништо не е донесено во смисла да не може никогаш да се менува и да се подобрува текстот на Законот и некои решенија кои навлегуваат во основните човекови права и слободи.

Мислам дека не постои сериозна опасност овој член да се злоупотребува доколку се почитува што е јавно место кое е определено во Законот за јавни собири. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе,

Ако добро разбрав кога зборувавте господине Трајанов за опструкција во Собранието го спомнавте и мојот амандман. Не сте праведен кон мене, јас имав доблест да повлечам бројни амандмани и објаснив зошто од овој не можам да се откажам и не станува збор за опструкција од моја страна.

Драго ми е што се согласувате со она што јас сум го кажала, но ако добро го погледнете мојот амандман, покрај локалните и централните канцеларии на партиските органи и организации зборувам и за домовите на партиските функционери.

Едноставен пример, еве мојата куќа се наоѓа на еден плоштад како што е Плоштадот Македонија и Ристиќевата палата и дека под изговор да се следат настаните на плоштадот Македонија многу лесно може да се контролира и домот на било кој партиски функционер, а за жал, и сите кои го сочинуваат семејството да бидат жртви на мониторирање само затоа што некој член од семејството е вклучен во политиката.

Не можам да се откажам од тоа, ќе го цитирам Тупурковски кој многу отворено секогаш велеше дека не се јавува на телефон, го исклучува мобилниот телефон затоа што го слушаат. Ќе ве потсетам и на други политичари кои јавно го кажале и докажале дека биле слушани. Сметам дека ова не е пречка да се донесе законот или добри подзаконски акти, конечно научив нешто од правото дека е можно добро да се изрегулира.Сметам дека ние како пратеници, избраници на народот ќе дадеме добар сигнал дека сакаме да се бориме против тоа што се случувало во минатото, но сите добро знаете што се случува и денес во овој одреден момент за определени личности, за определени партиски функционери и за одредени партии. Не за сите иако веројатно повеќето знаат да ја злоупотребуваат власта. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Павле Трајанов од една минута.

**Павле Трајанов:** Почитувана Весна Јаневска, кога зборував дека некој се обидува оваа расправа да ја злоупотреби за да не се донесе законот во време во кое инсистира Европската унија, не мислев на вас, голем дел од вашите амандмани се сосема во ред, некои од тие амандмани беа прифатени. Јас повеќе укажав на тоа дека амандманската расправа води во бесконечна расправа по овој законски проект, тоа го злоупотребуваа други пратеници, не вие.

Што се однесува до можноста да бидат злоупотребени сите овие законски решенија, тоа некогаш не е спорно, без разлика во каква законска оредба ќе биде.Секогаш има празнина во законот која може да се користи, ние сме тука да се спротивставиме на обидите за злоупотреба на ваквите законски решенија.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван колега Трајанов, вие во вашиот говор рековте односно засегнавте две многу значајни прашања во вашата реплика што се однесува до опструкцијата и во дискусијата за верските прашања и за прашањето на Тетовскиот универзитет.

Доколку не ви е јасно, не знам дали бевте во минатиот состав на Парламентот, како гледате на верската толеранција. Само да ве потсетам дека има прашања кои се над Деловникот и кои на крајот на краиштата не се почитуваат од страна на господинот Георгиевски дека до 17,00 часот е обврзан да објави дали ќе продолжи седницата или не. Тој го крши ова правило и дури во 17,10 часот го покренува тоа прашање и го става на гласање. Тоа прашање не е за гласање. Договорот кој од секогаш постоел во овој Парламент и во Република Македонија, кој договор и овозможува на Македонија да ја надживее високата верска толеранција и меѓусебна доверба. Еднаш беше кажано овде и треба да важи за секогаш. Значи, во текот на Рамазан нема продолжување на седниците, туку се прекинуваат во 17,00 часот.

Сега, на арбитрарен начин прекршувајќи го Деловникот, моралот и верската толеранција господинот Георгиевски го прави ова, меѓутоа и вие гласате за ова. Гласате за нешто за што не се гласа. Гласате за верските прашања. Вие гласавте два пати, изгледа дека ќе продолжите на ваков начин само за да ги заладите односите меѓу нас.

Прашањето на Тетовскиот универзитет е тоа, таа е државна институција, нашата грижа беше во однос на тоа дека најодговорното лице за одржување на јавниот ред и заштита на државните институции е госпоѓицата Јанкулоска и токму поради тоа беше нашето јавување. Не е прв пат во Парламентот да се отворат други прашања надвор од дневниот ред и надвор од расправата една парламентарна група во итни случаи да побара збор и да објасни зошто бара збор и да побара да се интервенира од страна на органите на државата.

Нема време во репликата да објаснам за тоа, ќе ви кажам друг пат.

Сите овие аргументи што ги спомнавте не држат од причина што верската толеранција ќе ја надживее и овој парламентарен состав, како што надживеала со векови. Вие не можете да ставите на гласање едно прашање кое се заснива врз основни начела и морални начела на кои се повикувате и вие како мнозинство исто и десната страна.

Вие сте промовирале верска настава, па би требало да знаете многу подобро од мене. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика од една минута за господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван пратеник Буџаку, апсолутно овој парламентарен состав во целина има разбирање за верските чувства и никој не ги оспорува религиозните права. Мислам дека неоправдано отворате расправа.

Јас сум за тоа во овој Парламент да се почитува процедурата, а процедурата значи демократија. Само за тоа се залагам, за ништо друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Теута Арифи, реплика или збор? (Реплика)

Повелете три минути.

**Теута Арифи:** Сакам да му реплицирам на колегата во делот на значењето на демократскиот процес. Тој се обрати на авторот на амандманот госпоѓа Јаневска со жалење дека дава придонес, а другите пратеници го злоупотребуваат овој демократски процес.

Се извинувам господине Трајанов, но доколку говориме за еден закон во институција во која се носи законот за ова прашаање да расправаат пратеници кои се избрани за да расправаат овде во ова Собрание ова да го направите на демократски и процедурален начин како што тоа го бараат парламентарните процедури. Дали ова е злоупотреба?

Жалам, можам да констатирам дека вашата смисла за демократија е една демократија која ќе се именува повеќе како полициска демократија или полициска смисла на тоа што е демократија.

Ние кои мислиме поинаку, ние кои не се согласуваме со вас да молчиме, а вие без злоупотреби да го поминете за пет минути овој закон. Се извинувам, доколку мислите така, почнете ја постапката за да немаме Парламент и демократски институции. Демократијата е малку подолга работа и не е злоупотреба дококу го користиме нашето право. Мислам дека непотребно ни се обраќате нам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Трајанов.

**Павле Трајанов:** Само накусо, мислам дека мојата дискусија беше во функција да се создадат услови за темелна расправа по амандманите. За тоа беше мојата дискусија така што мислам дека последните неколку минути отворивте вистинска расправа по амандманите.

Искажувањето на незадоволство на друг начин и обиди да се опструира расправата по законот, мислам дека на некој начин ја спречи демократската расправа во овој Парламент.

Сега, кога имаме поинакви услови за расправа, никој нема намера ниту претседателот, ниту било кој во овој Парламент да го ограничува правото на пратениците да расправаат и по амандманите и кога ќе имаме општа расправа за Законот за полиција.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Џеват Адеми.

**Џевад Адеми:** Благодарам, ќе настојувам да го проследам мојот концепт за суштината на интервенцијата на госпоѓата Јаневска со нејзиниот амандман, во овој многу значаен член од еден исто така значаен закон, Законот за полиција.

Сакам јавно да ја поздравам госпоѓа Јаневска и да и честитам за оваа интервенција. Со задоволство констатирам дека е доследна во нејзиниот ангажман за заштита на човековата димензија во еден закон кој е во однос на полицијата и униформата со народното разбирање на апаратот на насилството

Потполно се согласувам со нејзината јавна вознемиреност дека не еднаш и не само кај нас, туку на многу места и многу пати во разни фази од историјата се случувале злоупотреби на прецизни формулации во законот и со право поставувам прашање. Која е гаранцијата утре еден висок полициски службеник, според негово убедување, не според наредбите од страна на неговите шефови свесно го прекршува законот.

Предложениот амандман сметам дека на точен, прецизен начин ја прави онаа дигресија за тоа што подразбираме под јавни места каде на големо се вршат кривични дела.

Дозволете да го прочитам членот 65, ќе ја почитем македонската верзија за да немаме проблеми со преводот.

“Под снимање на јавни места, во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци со цел за нивно спречување”.

Извинете, јавно место е раскрсница каде што има семафори и неодговорните возачи поминуваат и на црвено светло, така што во цивилизираните места, таму има постојано вклучени камери, снимаат 24 часа и нема потреба полицаец да седи таму за да го сопира неодговорниот граѓанин и го казни. Доколку ова е суштината, прашувам, го прашувам парламентарното мнозинство, се извинувам, но во текот на ова парламентарна расправа овде се отворија многу димензии што го засегаат и моралниот интегритет на секој од нас тука присутен.

Се говореше за демагогија, се говореше за опструкција, се говореше за конструктивност. Ќе ве молам, гласно ќе прашам зошто да не се прифати интервенцијата на госпоѓа Јаневска кога нема ништо полесно од тоа да ова парламентарно мнозинство ги прифати измените на овој закон, затоа што гласот на граѓанинот не е добиен за да се брани овој закон, туку напротив, гласот на граѓанинот е добиен затоа што парламентарното мнозинство, сегашно, не го прифати овој закон. Го критикуваше овој закон. Не гласал за овој закон во првата фаза. Јас поставувам прашање што се случи во главите на актуелното парламентарно мнозинство, бидејќи додека пратениците од коалицијата ДУИ -ПДП, ако во нешто се во право, пред се и над се тие

имаат право да се повикаат на нивната моралност. Тие, и денеска, иако не се дел од актуелното парламентарно мнозинство, меѓутоа и вчера кога беа дел од владеачкото мнозинство овој закон не го поддржаа токму поради оваа димензија што ја покрена госпоѓа Јаневска.

Ќе ве молам, доколку полуцијата со закон го осигура правото дека нема да следи се непрекинато, јас се плашам дека навлегувам во димензијата на она-големиот брат не набљудува сите; внимавајте кој што говори; заборави го приватниот живот; заборавија својата слобода на размимслување поинаку; заборави го семејниот интимитет; во секое време некој те гледа; некој го има увото концентрирано кон тоа што се случува во канцеларијата каде работиш ти, што се случува во домот, куќата каде живееш само поради фактот дека таму каде живееш ти и каде работиш еден висок полициски службеник констатирал дека е тоа јавно место каде се вршат кривични дела.

Судам дека парламентарното мнозинство, а и госпоѓа Јанкуловска доколку манифестираше едно позитивно интерпретирање на тврдите и теснопартиските интереси, многу елегантно ќе го прифатеше овој амандман, од причина што овој амандман само го збогатува и го дополнува и создава гаранција за избегнување на злоупотреби, за избегнување на поставување еден полициски службеник или структура на полицијата над она што се гарантира со Уставот. Тоа е приватниот живот, приватноста, неповредливоста, заошто да не кажам на институциите, имајќи го предвид самиот факт дека во Македонија се случувале вакви грди дејствија. Се прислушкувале политичари, се филувале цело време и во спротивно со кодот на однесување, политичко однесување. Исто било и со седиштата на политичките партии.

Со жалење кажувам дека актуелен пратеник, некогаш актуелни пратеници, некогаш високи полициски службеници потпишувале одлуки за телефонски прислушувања, за прислушување на куќи, домови, на седишта и значајни институции, само во својство на претседател на Здружението на политички затвореници, јас сум бил и приватно и службено објект на надзор. Сум бил објект на прогонување и следење од луѓе кои денеска се покажуваат како големи борци за демократија, големи борци за правата на човекот.

Оправдувањето што госпоѓа Јаневска го дава односно образложението дадено во амандманот, верувајте дека е доволно, па доколку парламентарното мнозинство одразеше и доколку госпоѓа Јанкуловска на почетокот го прифатеше овој амандман, тогаш немаше да ја имаме вознемиреноста на еден претходен говорник дека тука некој намерно врши опструкција, не тера да доцниме со донесувањето на овој закон, закон што од нас го бара оваа или онаа релеватна институција. За жал, констатирам дека овде некој сака да тера инает. А, со инает не се донесуваат добри закони. Со инает и со логиката на исклучување не се прават добри формулации. Со овој концепт на граѓаните не им гарантираат дека ќе имаат полиција во служба на граѓанинот, во функција на исполнување на стандардите, толку посакувани за нас. Толку рекламирани за нас, а толку злоупотребувани за пропагандни ефекти.

Завршувајќи со ова мое јавување во духот на поддршка на амандманот од госпоѓа Јаневска, сакам да нагласам дека за мене, за пратениците на парламентарната група ДУИ-ПДП воопшто не е значајно кој пратеник предложил ваква или онаква измена на законот преку оваа интервенција со амандмани.

Уште еднаш, за крај, апелирам кај парламентарното мнозинство да рефлектира, да го прифати овој амандман, затоа што се работи за навистина квлаитетна интервенција, што претставува суштинско подобрување и е вредност што ние, како држава, да не кажам и ние како носители на одговорноста ќе не приближи до оние стандарди, до оние маси што ние ги сакаме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Павле Трајанов има реплика, три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуваниот пратеник Адеми мислам дека искажа одредени обвинувања спрема високи полициски службеници кои сега се актуелни пратеници, не знам за кои точно се однесува,можеби беше добро да го посочи. Тоа му го дозволува парламентарната говорница.

Сакам да нагласам дека во својство на висок полициски службенок, кога сум извршувал одговорни должности во Министерството за внатрешни работи, па и министер за внатрешни работи, никогаш не сум потпишал налог за прислушување на државјанин на Република Македонија. Ако мислеше на мене мислам дека тука направи грешка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Адеми Џеват.

**Адеми Џеват:** Со жалење ќе ја коментирам реакцијата на господинот Трајанов. Намерно не спомнав име, затоа што одговорноста не сакам да ја пресонифицирам. Говорам за логика и за мудрост. И тоа има одлуки на високи службеници кои дозволиле прислушувања, следења и надзор. Оној кој ова го спори, не знам во кое време зивее.

**Љубиша Георгиевски :** Има збор Хани Тахир.

**Тахир Хани:** Почитувани дами и господа пратеници,

Амандманот на госпоѓа Весна Јаневска ми ја дава можноста и јас да се имплицирам и говорам околу овој амандман.

Амандманот создаде можност да имаме три произнесувања од пратеници од разни позиции. Госпоѓа Весна Јаневска говореше во однос на биографијата на нејзиниот семеен живот и нејзините политички консеквенции од една полициска служба. Од друга страна, пратеникот Стојан Андов нагласи дека до временскиот период кога нема да се изнесат на одговорност тие службени лица од полицијата кои направиле кршење на законот и го рушеле достоинството,

правата и основните слободи на човекот, а тука е присутен и господинот Павле Трајанов кој едно време беше министер за внатрешни работи, па нема како да се ослободи од одговорноста кој, во тоа време, има потпишано одлуки за следење на телефонски говори на домови во име на непријателска дејснот против државата.

Ќе ви кажам дека има досиеја кои беа јавни и се објавија за еден временски период и неколку политички личности се следени, било во политичките канцеларии, било во канцелариите на невладини организации или, како што се здруженија на бившите политички затворенници.

Сакам да се произнесам дека со амандманот на госпоѓа Јаневска еден број на граѓани од Република Македонија, еден број од Република Македонија велам непосредно ја почувствуваа злоупотребата на службената должност. Јас имам досие од 1990 до 2000-та година. Можам да излезам со документи непосредно и можам да докажам овде во овој Парламент дека има министри од внатрешни работи кои имаат потпишано одлуки да се следат телефонските семејни разговори. Што е уште полошо, се солидаризира со Весна Јаневска, бидејќи да следиш и да потпишеш одлука за следење на телефонски разговор и навлезеш длабоко во нивното достоинство, каде ќе може да се следат телефонските разговори на членовите на семејството, семејните проблеми и тие да станат јавни, некој да манипулира со овие телефонски разговори, ова претставува тешко кршење на правата и слободите на човекот.

Затоа се согласувам со пратеникот Стојан Андов дека треба да дојде еден временски период, сите оние кои го кршеле и сите кои потпишале одлуки, дале одлуки да се прислушуваат телефонските разговори на лица и тоа на семејни телефони, треба да сносат одговорност. Сносејќи одговорност, ќе дадеме пример, непосреден, како треба да се почитува законот, како тој што го применува така и сите други граѓани на Република Македонија.

Во овој момент ние говориме за Предлог закон за полицијата. Тука, суштината е во тоа и проблемот е во тоа дека Предлог-законот за полиција треба да има поширок консензус.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, држете се до амандманот.

**Тахир Хани:** Годсподине Георгиевски,

Доколку господинот Трајанов не говорел за амандманот, тогаш зошто не му го одзедовте зборот. Доколку господинот Стојан Андов не говореше за амандманот, зошто не му одзедовте и нему зборот.

**Љубиша Георгиевски:** Затоа што тоа беше реплика. Продолжете.

**Тахир Хани:** Јас сакам да говорам околу предложениот амандман и со сите тие кои се инфицирани со овој амандман. Доколку беа надвор од овој амандман, тие ни ја дадоа можноста и повод јас да расправам околу таа тема.

Во членот 65, овој член може секако да се злоупотреби, бидејќи се работи за волјата на оние кои ќе го применат, ќе го спроведат законот, да дефинираат кој е јавен објект и каде треба да постапуваат безбедносните органи, органите на полицијата за снимања и прислушкувања.

Затоа сакам да подвлечам дека овој амандман, како и други спорни членови од Предлог законот за полиција даваат можност на граѓаните да не им се гарантира дека ќе добијат закон со кој што ќе ги исполнат нивните потреби, ќе ги исполнни тие компоненти со што еден полициски орган, една униформа што ќе превенира насилство да се создаде впечаток дека оваа униформа создава сигурност, мир во цела Република Македонија.

Сакам да кажам дека законот за кој што говориме треба да претрпи коренити измени поради фактот што во овој закон има препораки на европски органи и организации кои што упатиле есенцијални, суштествени препораки, препораки што не се земени предвид. Една од препораките е во членот 65 дека треба да претрпи неколку измени и овој амандман 65 треба тоа да го уточни.

Како дел од таа репресија на минатата власт, на репресијата на полициската униформа, како што нагласи и пратеникот Весна Јаневска се согласувам дека овој член треба да претрпи измени. Тие измени да бидат позитивни, во интерес на создавање на подобра безбедност на сите граѓани на Република Македонија.

Уште еднаш сакам да нагласам и го поддржувам предлогот на Стојан Андов сите тие кои имаат направено прекршоци, кои имаат прекршоци на нивната службена должност треба да дојде време да одговараат за нивната дејност која ја направиле. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Павле Трајанов.

Повелете три минути за реплика.

**Павле Трајанов:** Јас зборував за злоупотреба на парламентарната говорница и тоа што го направи почитуваниот пратеник кој до сега дискутираше, импутирајќи дека министерот за внатрешни работи 1998-1999 година отворал полициски досиеја, вршел прекршување, што апсолутно го отфрлам како можност. Во тоа време, одговорно тврдам дека 1998-1999 година ниту еден граѓанин државјанин на Република Македонија не бил прислушкуван, ниту пак било отворено било какво полициско досие.

Инаку, граѓаните да знаат дека 1998-1999 година иницираме донесување на законски проект, на закон за отворање на полициските досиеја и за отворање на досиејата на соработниците. Првиот дел беше прифатен, но вториот дел околу отворањето на досиејата на соработниците во тоа време беше отфрлен. Не знам од кои причини, во тоа време имаше проценки дека на тој начин ќе биде деконсперирана соработничката мрежа која

дава корисни податоци за одбраната и безбедноста, но во тоа време јас веќе не бев министер за внатрешни работи.

Да нагласам уште една работа, поради бројните злоупотреби на системите за прислушување 1989 и 1990 година бев еден од осуммината кој што покрена голема бура во државата околу тоа Службата за државна безбедност да не биде повеќе ударна тупаница на тогашниот Централен комитет и да не се користат сите овие системи за дискредитација и дисквалификација на граѓаните. Околу демократските однесувања можеме да отвориме расправа, можеме да расправаме кој за што се залагал пред неколку години, кој сега за што се залагал, како се менуваат ставовите, но сигурно тоа е еден процес во кој сите ние се вклопуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Хани Тахир.

**Хани Тахир:** Господине Павле Трајанов, моето досие е евидентирано од 1990 година и затворено во јануари 2000 година. За секоја година имам телефонски прислушувана, а во периодот 1998-1999 година бевте министер за внатрешни работи. И не само јас што сум имал снимања на телефонските разговори во моето семејство, туку и многу други затвореници, поранешни политички затвореници или политички гонети од минатата власт. Затоа сакам да нагласам дека ова можам да го документирам, дека телефонски прислушувања имаше и сум имал и јас.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелелте.

**Весна Јаневска:** Претседателе, ви благодарам почитувани пратеници што имате трпение и доблест да го ислушате сето ова и им благодарам на другите кои имаат доблест да дискутираат на оваа тема, без оглед дали тоа беше позитивно или негативно мислење по овој амандман.

Не би сакала дискусијата по овој амандман, која за мене е од исклучителна важноста, да биде поинаку сфатена освен како конструктивна. Затоа, во името на сите вмровци, кои биле жртви на полициските системи во минатото, во името на сите жртви од било кои други политички партии кои биле жртви на полициските системи во минатото, јас ги молам останатите дискутанти да се откажат од дискусија, а почитуваната министерка, која е министер на ВМРО и сите колеги кои седат во оваа сала, а кои сега не се ВМРО Народна партија, но се декларираат дека се носители на идеите на ВМРО, на патриотизмот, на слободата, на либерализмот, на демократијата, ги молам овој момент да пристапиме на гласање, но да одлучат не по партиска директива, туку да се сетат на своите дедовци, прадедовци, чичковци, татковци и во овој момент да одлучуваат по своја совест. Јас ве молам да гласате за овој амандман за да им оддадеме почит на сите оние кои се бореа за слободна, независна и демократска Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Јаневска, само ќе ми дозволите една мала коректура. Веројатно тоа ви се омакна, почитуваната Јанкулоска е министер на Владата на Република Македонија.

**Весна Јаневска:** Сигурно така, но таа е од партијата ВМРО-ДПМНЕ.

**Љубиша Георгиевски:** Инаку, за да го ставам предлогот на гласање, само јас можам да го ставам предлогот на гласање, но мене Деловникот не ми допушта да го ставам предлогот на гласање се додека има пријавени дискутанти. Кој ќе го прифати вашиот апел, молам, сега за сега гледам уште тројца пратеници се пријавени за збор.

Значи процедираме понатаму.

Збор има пратеникот Селмани Ајше.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам почитуван господине Георгиевски,

Почитувани пратеници, што се однесува до членот 66 од Предлог законот за полицијата, каде што се вели дека под снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор на јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци, со цел за нивно спречување. Кога постои опасност на јавните собири да им се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир. Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активноста полицијата може јавно да ја соопшти. Снимениот материјал од ставовите 1 и 2 на овој член се чува во полицијата шест месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.

Врз основа на ова што го причитав, по мое мислење, би нагласила дека навистина овој член од Предлог законот за полиција ќе беше блед или непотполн без овој амандман.

Да се вратиме сега повторно на амандманот на член 43, предложен од госпоѓата Весна Јаневска каде што се вели дека под снимање на јавните места во смисла на ставот 1 од овој предлог се подразбираат седиштата и канцелариите или локални организации на политичките партии и невладините организации, куќите, домовите или становите на политичките функционери, освен доколку постои сомневање, основано сомневање за кривижно дело извршено во смисла на Кривичниот закон на Република Македонија. По мое мислење, овој амандман треба да се прифати затоа што на овој начин ваков каков што е претставен со овој текст како што го прочитав малку порано, некако е апстрактен и истовремено неприфатлив за нас. Велам дека е неприфатлив за целата наша парламентарна група. Затоа, не случајно, за цело време на расправа по овој закон и многу други амандмани, затоа што целиот Предлог на закон не кореспондира воопшто со нашето општество и државата во која живееме. Неисполнувањето на основните начела на нашето

општество не принудува да бидеме толку упорни за повлекување на овој закон од страна на предлагачот, каде ќе се даде можност на оваа Влада на подетален начин и со еден заеднички консензус да донесе еден закон со кој ќе се исполнат сите барања. Тогаш ќе имавме закон според кој ќе функционираше полицијата на начин кој ќе ги задоволува потребите и барањата на сите граѓани. Концептот на членот 65 од овој Предлог на закон кој јас го цитирав малку порано, воопшто немаше да биде целосен доколку не се додадеше и овој предложен амандман.

Во целина се согласувам со госпоѓа Јаневска и ја поздравувам за нејзината упорност за неповлекување на овој амандман, затоа што навистина ќе придонесе за овој член посебно, но и за законот во целина. Затоа мислам и би сакала и сите мои колеги пратеници да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа, се надевам дека нема да ми се приговори дека со дискусијата ќе вршиме опструкција, бидејќи на крајот на краиштата основна задача на пратениците е да дискутираат во Парламентот. Но со оглед дека прв пат се јавувам за збор во амандманската расправа, мислам дека колегите пратеници нема тоа погрешно да го толкуваат. Ќе бидам прилично краток и сакам да ја искажам својата лична поддршка на овој амандман од неколку причини.

Прво, живееме во едни изменети услови воопшто не само во Република Македонија туку на глобално, светско ниво и нормално се наметна потреба од нови мерки, мерки на осовременување кои најдобро би овозможиле обезбедување на безбедност и сигурност на граѓаните. Не би навлегувал во тие води со оглед на тоа што сепак се постручни односно потребни се постручни размислувања, но овој амандман сметам дека заслужува потребно внимание, затоа што во наши услови колку прашањето е стручно уште повеќе е политичко прашање. Затоа е добро што ја отворивме темата. Со една реченица можеби ќе се оддалечам претседателе, но само со една реченица.

Добро е што ја отворивме темата, покрај овој амандман, и за други прашања кои што се од минатото, бидејќи сето тоа ќе придонесе во иднина да расправаме за други закони се со цел, она што го зборуваа колегите, од потребата да се ослободиме од стравот како граѓани, политичари, дека постојано сме следени, постојано сме прислушувани и дека едноставно се чувствува, лебди тој страв од искажување на сопственото мислење. Во слободни разговори, ајде малку отворено што се вели народски да зборуваме. Ние пратениците кога разговараме, секогаш кога разговараме на телефон колку на смеа толку и на вистина велиме: и онака ни го прислушкуваат телефонот, не знаеме како да зборуваме. Сите 120 пратеници кога меѓу себе ќе разговараме така разговараме, иако велат дека нема технички можности за толку, но сакав да укажам дека постои чувството, постои стравот од постоењето на една таква состојба.

Затоа сметам дека овој амандман треба да го поддржиме, иако можеби не е до крај она што сакаме да го постигнеме. Но зошто е стравот ако барем овој дел не се внесе во законот? Стравот е заради тоа што член 65 не е операционализирам со процедура. Само ќе ви напоменам пред две години сите прочитавме во еден од нивните весници за ситуација каде што еден од кабелските оператори има поставени камери на одредени делови во градовите и постојано тоа го пушта на телевизија. Сигурно се сеќавате, можеби во тој момент беше малку хумористички напишан текстот, но за една вистина која постои.

Ако во членот 65 се даде точно процедурата кои места ќе се снимаат, за што ќе се снимаат и како ќе се снимаат и кој за тоа ќе одговара, доколку биде прекршено правилото, доколку биде прекршена процедурата тогаш е во ред. Но вака како што е поставен не е добар. Не е добар и јас сум убеден, иако после во претресот ќе зборувам, а некои велат ќе го менуваме законот во рок од една година, ќе си играме играчки - не е добар и од политички аспект и од стручен аспект.

Убеден сум дека овој амандман нема да биде усвоен, иако доаѓа од пратеник кој што ја поддржува Владата, но тогаш би ја замолил министерката до крајот на расправата овој член 65 да се допрецизира. Да се допрецизира во правец на она што го зборував, на правилник, на процедура како ова ќе се одвива. Во спротивно не ме остава а да не верувам дека овој член 65 е тесно поврзан со амандманите кои ги предложи Владата за намалување на годините за раководителите на одделни полициски сектори или скалила кои се таму и кои што - не сакам во тоа да верувам, но не наведува да размислуваме на целосна партиска контрола не само на политичарите ...

**Љубиша Георгиевски:** Тоа веќе не е во амандманот, ве молам.

**Слободан Најдовски:** Во врска со амандманот е претседателе, реков дека е тесно поврзан со амандманот. Ја прифаќам забелешката, но тоа е тесно поврзано со амандманот.

Затоа, би предложил или да го прифатиме амандманот и понатаму да работиме на допрецизирање од страна на Министерството, или пак како што ќе се случи и амандманот нема да биде изгласан, до крајот на претресот Министерството, односно министерот за внатрешни работи да ни предложи процедура за спроведување на членот 65 од овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Почитувани пратеници, гледано од овој аспект на амандманот предложен од госпоѓа Јаневска, во суштина иако има можеби неколку недостатоци самиот амандман, но кога ќе го видиме од друг агол во суштина 90% исполнува неколку критериуми, навлегувајќи во членот 65, по ставот 1 да се додаде и став 2.

Во овој член во целина не случајно се интервенираше со еден став кој има околу пет реченици. Имено, се говори за сериозна интервенција, можеби и од правен аспект. Јас би се согласил со многу претходни дискутанти кои рекоа, освен што има правен и стручен карактер, овој амандман сигурно има и политички карактер, бидејќи во минатото како резултат на овие членови или слични членови се направени злоупотреби на позициите од структурите на полициските и тајните служби не само во Македонија туку и пошироко во времето во Југославија.

Овој член 65 навистина има 4 става, но ниту еден став во суштина не го објаснува и дефинира тоа што треба да биде конкретно околу активноста на аудивизуелното снимање од страна на припадниците на полицијата. Како резултат на сето ова само по себе носи сомнеж кај сите пратеници кои говореа во однос на овој амандман во насока на тоа да се дефинира и да биде релевантен овој член од законот. Како резултат на ова треба добро да се дефинира, на пример, каде се говори за снимање на јавни места и трае аудиовизуелен надзор, само по себе ова во првиот став трае, што подразбира, колку е траен не е дефинирано. Тоа значи дека може да дојде до злоупотреба да се изврши обврската која ја има соодветниот орган, значи полицијата и откако ќе заврши според нивната предвидена програма, може да продолжи и да ја злоупотреби таа позиција. Ова нека го има предвид и претставникот на Министерството за внатрешни работи. Како резултат на ова во минатото, кога се говори за злоупотребата на позициите од припадници на МВР од разни сектори кои не ги познавам доволно и кои имале разни прислушкувања и ден денес немаме одговорност. Конкретниот случај е при крајот на 2000 година кога се прислушкуваа политичките партии, но и високи државни функционери. Според информациите што ги имавме, се прислушкувал и Претседателот на државата и ден денес луѓето се на слобода кои биле сторители на овие дела. Неслучајно овој амандман се поставува и се предлага од нашата почитувана колешка Весна Јаневска. Што подразбираме под јавни места. Дали тоа значи Плоштадот на град Скопје, плоштадот на некој друг град во Македонија, некој друг центар околу Плоштадот Дали подразбира некое село каде се прави некое криминално дело, дали се подразбира некоја улица каде што имаме повеќе куќи или населби. Мислам дека тоа тука не е добро дефинирано и можеби ова ќе треба да се уреди со подзаконски акти и ова ќе го видиме подоцна како ќе се уреди и од страна на Министерството за внатрешни работи. Имаме случаи на злоупотреби, можеби случајни, а можеби и неслучајни од разни полициски служби, правејќи една снимка на еден конкретен случај. Случајно или неслучајно се снима и еден сосема друг случај кој не е предвиден со агендата на тие услуги. Честопати сме имале случаи кога луѓето се земени на врат, велам невини луѓе. Честопати невините луѓе во суштина, сме имале случаи од злоупотребата на разни припадници од разни служби, имајќи разни снимки и условувајќи ги со тие видео снимки, кои не му припаѓаат ниту на човечкиот карактер, ниту на правниот карактер. Како на пример, прислушкувањето, а можеби имало случаи на разни приведувања со разни условувања.  Јас не гледам дека ова е дефинирано, иако можеби требаШе госпоѓа Јаневска со некој друг амандман, бидејки почна да предлага амандмани, за овој член да се интервенира колкаво е правото на службите на Министерството за внатрешни работи или на полицијата, бидејки се говори конкретно за Предлог законот за полиција, дали може и дали смее, на пример, да се злоупотреби позицијата на полициската служба, снимајки нешто друго да го злоупотреби и да снима дипломатски претставништва во Република Македонија велејки дека снимам нешто друго, јавно тоа велејки го, а додека снимаат нешто сосема друго. Овде не е дефинирано дека може да има простор за тоа, говорам во однос на предложениот амандман, со кој што требаше да се интервенира. Мислам дека треба, навистина, да се има предвид дека се говори за едно сензибилно прашање, за едно прашање кое е доста чувствително и прашање кое треба стручно да се прегледа, едно прашање кое треба добро да се објасни, бидејќи не се носат секој ден закони туку закони се носат во одредено време. Навистина, би побарал од претставникот на Министерството за внатрешни работи да превземе конкретни мерки, посебно за овој член, но и за други членови, за да се интервенира навреме. Го поздравувам и ставот, патриотскиот став на Весна Јаневска за идеалите на ВМРО во минатото, но исто така, мислам дека навистина во минатото и нашите албански патриоти се бореле за исти идеали, како што се бореле и од ВМРО, затоа што се вика Македонија и за  тоа што е за нас албанско прашање. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Сосема на почетокот сакам да кажам, слушнав малку па реагирам на некои пратеници, кои колку пати се јавуваат за збор, тие сосема на почетокот сакаат да кажат и велеа сакаме да дискутираме, меѓутоа не ни е намера или пак не сакаме да правиме конструкција. Значи, дискусијата во Парламентот е работата на пратеникот. Значи, да дискутираш е прашање кое што е дел од нашата работа во Парламентот. Мислам дека е посебно задоволство за мене, тоа го кажувам со најдобра намера, да учествувам во расправата токму за овој амандман, затоа што мислам дека почитувната колешка госпоѓа

Јаневска ни дала посебна можност за дискутирање за едно прашање, кое што не само што е во однос на минатото, туку е многу и во однос на сегашноста и на градењето на демократските односи и на меѓупартиските односи во земјата. Истовремено, мислам дека и дава посебна можност за давање, претставување на некои аргументи за овој амандман. Не сакам да звучам тука како целосен поддржувач на Конфуционизмот, меѓутоа, ова е едно мислење на овој мудар човек, кој што меѓу другото вели дкеа луѓето да се принудат да следат еден пат, но вие не можете да ги натерате тие да го разберат тој пат. Мислам дека со нашите аргументи ние сме во можност да изнајдеме повеќе смисла и разбирање и аргументи за патиштата или насоките кои што ги дава овој аргумент, логиката на членот или на интервенцијата во членот 65 е логика која што нуди повлекување на прислушкување на канцелариите на политичките партии како јавни објекти. Меќутоа, и на домовите и на политичарите како приватни објекти. Значи, нивно повлекување од процесите на снимање или следење за разни намери. Во оваа насока сакам да кажам, не дека се двоумам или се сомневам во законитоста или во законот со кој што се прават тие надзори, меѓутоа проблемот на државите во транзиција и мултипартиските системи е проблем на државите во танзиција од причина што имам впечаток дека многу партиштвото, една објективна реалност на демократијата всушност се реализира токму со еден комплетен монопартиски менаталитет или монистички менталитет. Тие кои што често пати имаат можност да практикуваат власт, за жал во име на повеќепартиските концепти употребуваат системи на дејствувањето кое што е наследено од минатото. Значи монистички. Од оваа причина за менвуање на оваа традиција треба малку повеќе гаранции. Затоа, можеби и треба едно објаснување од оваа природа вака како што предложила и госпоѓата Јаневска. Затоа што, мислам дека за менување на еден менталитет не се доволни само неколку закони, туку истовремено потребна е и една долга практика која што би помогнала во потполното градење и обезбедувањето и осигурувањето на демократските процедури. Истовремено, за жал, партиското дејствување во текот на последните 15 години во Македонија, во нашата земја е дејствување кое што сакале или не, да признаеме, дејство кое што е многу оптоварено со елементи на неразбирање, недоразбирања, на тешки меѓусебни односи, на разни каприци кои што честопати не му помагале на демократскиот процес. Затоа и тука ја гледам потребата за малку дистанцирање на елементите или на местата каде што се создава политиката, значи партиските центри од евентуалните процеси на надзор. Уште повеќе кога сит ение доаѓаме од една традиција, кога различното политичко мислење априори е третирано тоа мислење како криминално дејствување. Ова е причината зошто вреди да се размисли и зошто вреди да се дискутира токму за овој амандман. Мислам дека ние може да изнајдеме сеуште уште многу други аргументи за подржување на овој амандман. Мислам дека ние политички можеме да бидеме и во различни табори со госпоѓата Јаневска. Меѓутоа, мислам дека сме можеле да имаме едно минато кое што ги засегнало нашите првенци, нешто што било многу слично и што мислам дека дава причина за мнозинството во Парламентот да размисли, не самос ега, меѓутоа, да размисли и за многу други моменти кои што се во однос на овој закон. Затоа, бидејќи и така немам намера долго да говорам, тоа ми е обичај, дозволете ми уште еднаш да кажам или барем да повторам дека ова е само еден аргумент, плус аргумент повеќе, затоа што парламентарната група на ДУИ и на ПДП бара, бараше и ќе продолжи да бара овој закон да се повлече со намера да се подобри, не само овој момент во законот, туку и уште многу други моменти кои што се во однос на менвуањето на демократското разбирање на полицијата, кој од еден апарат на насилство, треба да се претвори во служба на граѓаните, од причина што тие тоа го заслужуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Алити Рафис. Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам за зборот. Нема да побарам пауза, како што рече пратеникот, зедов збор да дискутирам. Навистина, ова е еден добар амандман на госпоѓа Јаневска. Уште на почетокот ќе кажам дека ние албанците, не само пратениците, туку и други, секогаш сме мислеле и мислиме дека сме под надзор на полицијата, дека секогаш ни се прислушкуваат телефоните и т.н. Но, сигурно и навистина денес кога слушаме и од пратениците Македонци, а и од госпоѓа Јаневска дека се прислушкуваат и Македонците пратеници и јас сам на себе си поставувам прашање кој не прислушкува сите нас. Овде навистина кој не прислушкува сите, Претседателот на државата, претседателот на Владата, партиските лидери, што значи дека независно на која националност припаѓаме ние, се прислушкуваме и тоа е тоа за што сме загрижени и зошто го поддржуваме амандманот на госпоѓа Весна Јаневска и дека работите навистина треба да се прецизираат. Навистина мислам дека работите треба да се прецизираат поради фактот дека тие луѓе кои носат одлука да се прислушкуваат граѓани и јавните места, како што се седиштата на партиите, домовите на партиските лидери и т.н. Тие се над државата, тие се најјаките луѓе во државата. Тоа значи тие се над граѓаните и помоќни од државата, бидејќи ги снимаат и носителите на институциите, така што ова е едно сведоштво зошто и мнозинството треба да зрачи позитивно во овој случај. Не само за овој амандман, туку навистина да донесеме еден закон кој ќе биде во согласност со европските стандарди и т.н. Јас ќе ги потсетам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека и тие од ВМРО-Народна беа на власт и ние бевме на власт, а денес сме во опозиција, но добрите закони кои ги носевме, ги носевме од интерес на сите граѓани на Република Македонија, во интерес на самата држава. Но,

законите кои не сме ги расправале добро, сме ги донеле само за партиски интереси, ат хок сме ги изгласале и не се добри, повторно ќе кажам, сме ги донеле на штета на самите себе и на самите граѓани. Затоа, вие треба да не разберете правилно дека мотивацијата на пратениците на ДУИ кои земаа збор за расправа и дискутираат за еден толку значаен закон или за еден член, како што е членот 65, каде треба да се прецизира снимањето и т.н., треба да не разберете, бидејки ние сме загрижени за самиот факт дека се продолжува со старите пракси. Се кажа дека овде има и бивши минситри на Министерството за внатрешни работи или раководители на високи ресори и т.н., би сакал навистина да слушнам од некој, кој одговара денес за злоупотребите во однос на снимањата. Кој прислушкувал некој политички лидер или други функционери. Или еден носител на една институција и т.н. Навистна, не знам некој ваков случај кој сносел одговорност, а можеби во времето на комунизмот имала некаква одговорност или некој механизам за кој некој одговарал, но сега во име на демократијата ние сме во состојба и во име на личните интереси на разни коњуктури, сме во состојба да го прекршиме и законот, додека механизми каде ќе полагаме одговорност нема. Мислам дека ништо нема лошо во тоа до колку се прецизира ова што го бара со овој амандман Весна Јаневска, да се иземат седиштата на партиите, да се иземат партиските лидери, да се иземат домовите на тие да не можат да се прислушкуваат. Истовремено, ќе се вратам од каде што почнав. До колку ги иземеме овие јавни лица, тогаш сигурно дека тие го изготвиле законот, а ќе биде еден неуспех за тие, бидејќи овој закон имено е подготвен за тоа да се прислушкува. Да се прислушкуваат лидерите, да се прислушкува Претседателот на државата, претседателот на Владата, министрите, пратениците и т.н. Но, трагедијата не е кај тие што го изготвиле законот. Велам, навистина трагедијата е кај нас што слепо гласале закони, кои стануваат и правосилни, без да ги анализираме добро во однос на тоа кои ќе бидат последиците во иднина. Имено, поради тоа повикав до мнозинството да не ги гледаат тесно партиските интереси, туку навистина таму каде што можат да дадат свој придонес, да го дадат тој колку толку да се корегира и поправи овој Предлог закон, овој текст на Предлог законот, кој воопшто не е реформски и кој не ја приближува Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, говорете за амандманот.

**Рафис Алити:** Тука е многу јасно за што се зборува и јас за тоа зборувам, да се прецизираат некои нешта во овој закон. Велам дека и албанските пратеници кои се во ова Собрание и наш интерес е интеграцијата на Македонија во Европската унија и НАТО, не само на Албанците овде во Македонија, туку на сите народи на Балканот и заедниците кои што живеат во Македонија.

Почитувани господа, не мислите ли дека ќе изгласаме еден закон како што вие тоа сакате да го направите, ќе го изгласаме овој закон вака и ќе и кажеме на Европа, еве ние го донесовме законот за полиција и тие ќе ни ги отворат вратите и ќе ни речат, добредојдовте, бидејќи ова е последниот услов за да се зачлените. После тоа ќе се побара имплементацијата на овој закон, и тогаш ќе се видат и последиците и тогаш Европа ќе ни каже дека овој закон треба повторно да го ставите во собраниска процедура и да го корегирате. Тогаш ние ќе разбереме, како пратеници, како политичари дека не работиме во интерес на граѓаните , доколку површно го изгласаме овој Предлог-закон.

Јас уште еднаш со жалење ќе кажам, ние пратениците од ДУИ и ПДП, го повторуваме тоа, повлечете го законот, бидејќи не е реформски закон, не е закон кој ќе ни ги отвори вратите кон европските интеграции и натаму. Ова го велам, бидејќи сум длабоко убеден дека за оваа работа најмалку над 50% од пратениците кои седат во ова Собрание јасно им е сето тоа. Имено, поради тоа да не ја пропуштаме можноста да донесеме еден добар закон во однос на полицијата, еден закон кој утре ќе наиде на проблеми во секојдневниот живот, а истовремено и граѓаните нема да имаат корист од овој закон, од нашите расправи што ги водиме тука.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално за збор се јавува пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Сакам да укажам дека не треба да им дозволите на колегите пратеници од пратеничката група на ДУИ, посебно, да ја злоупотребуваат можноста. Наместо да зборуваат по амандманите на законот за полиција, овде да зборуваат по законот за следење на комуникациите. Прислушкувањето не е тема на овој амандман, ниту пак на законот за полиција. Нека се стрпат малку. Штом го донесеме законот за полиција, следи законот за следење на комуникациите. Тогаш може да зборуваме за прислушкување на политичари, дали има прислушкување на седишта на политички партии, со новиот закон. Значи, да не ја злоупотребуваме можноста, овој амандман на госпоѓата Весна Јаневска да го користиме за сосема други цели. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сосема сте во право.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, сосема процедурално.

Со оглед на тоа што во текот на вчерашниот ден при крајот на работното време имавме едно недоразбирање, сакам да не информирате како планирате да продлжиме да работиме, а сметам дека е време да прекинеме со работа денес, но,сепак, вие сте тој што одлучувате овде, од две причини. Прво, не е добро и денешната цела расправа што ја водиме без присуство на

најголемата опозициона пратеничка партија од СДСМ, иако во овој Парламент, во овие 15 години секогаш било пракса кога некоја пратеничка група заради партиски обврски ќе побара и цел ден да не се работи и пред време да се прекине со работа.

Втора работа е да можеме ние точно да си го планираме времето, за да знаеме како да се однесуваме понатаму.

Ве молам, да не информирате каков ви е планот.

**Љубиша Георгиевски:** План нема никаков. Вообичаено, штом почнуваме со работа во 11,00 часот, работиме до 18,00 часот. Нема друг план. Тоа е планот.Таква е праксата и процедурата.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Бидејќи координаторката на ВМРО-ДПМНЕ бараше да им се земе зборот на пратениците од коалицијата ДУИ-ПДП, таа само што не рече воопшто да не им се дава збор. Мислам дека не е добро тоа што го предлагам. Навистина не е добро, бидејќи ниту можела, ниту ќе може да им го земе зборот. Затоа сме гласани од народот, за да дебатираме овде.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувам со вас дека не е добро да се земе збор.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Хани Тахир.

**Тахир Хани:** Претседателе, имам реплика.

**Љубиша Георгиевски:** На кого реплика?

**Тахир Хани:** На Силвана Бонева.

**Љубиша Георгиевски:** Немате право на реплика.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Догани Бесим.

**Бесим Догани:** Господине претседателе, јас во име на парламентарната група на ДПА, предлагам работата да ја продолжиме до 17,00 часот, да дадеме пауза од 17,00 часот до 19,00 часот, а потоа да продолжиме со работа до 21,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има поткрепа за овој предлог?

Има поткрепа. Благодарам.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

58 пратеници гласале.

Гласањето ќе го повториме.

Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Ги молам службите нека ги пребројат уште еднаш присутните пратеници во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Кој е за предлогот на господинот Догани.

Во салата се присутни 62 пратеници, за гласале 59, против 1, воздржани нема.

Објавувам пауза до 19,00 часот.

Со работа продолжуваме од 19,00 часот до 21,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 19,02 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Процедурално има збор Садула Дураки, три минути.

**Садула Дураки:** Почитувани присутни, дами и господа пратеници. Земав збор процедурално заради причината што стенограмот кој го побаравме од собраниските служби. Овде пауза побара господинот Бесим Догани во име на парламентарната група на Демократската унија за интеграција. Можеби има желба да биде во парламентарната група на Демократската унија за интеграција, но еве што во нашата група има критериуми и не се зачленуваат луѓе кои имаат име Бесим, а е недоверлив кој побарал за светиот исламски Рамазан, а од друга страна се вика Бесим.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути процедурално Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Благодарам. Изгледа пратениците на Демократската унија за интеграција секогаш со задоцнување се вклучуваат во реплицирањето како што се случи и вчера со изјавата на господинот Ружди Матоши. Јас спомнав ДУИ, наместо ДПА, односно ДПА наместо ДУИ еден друг ден давајќи изјава за кражбите и злоупотребите со гласовите што ги направи ДУИ и направив лапсус, реков: ДПА. Реков ДПА од причина што јас сум страствен ДП-овец, сум бил и секогаш ќе бидам. Ја спомнав ДУИ затоа што ДУИ била 4 години патетична, била 4 години најголем злоупотребувач, а 4 години исто така била партија која што не само што не работела за интересот на Албанците во Македонија, туку 4 години по ред молчешкум ги поминала сите закони кои што не биле во прилог на Албанците само заради задржување властодржните позиции. Значи сета оваа галама што се прави овие денови во Парламентот, почитувана албанска јавност се прави затоа што ДУИ дефинитивно почна да сфаќа дека е во опозција, затоа што почна да ги губи фотељите, почна да ги губи и привелегиите. Господине Рафис Алити, не може да го користите станот со позицијата, џипот со позицијата, и мерцедесот кој што го има со позицијата. Значи не може да ги задржи привелегиите. Затоа дами и господа тие ја прават целата оваа галама. Не нагласивме ниту за Бадинтер, ниту за правата на Албанците, ниту за законите. Имало закони со ред кои што ги донеле во спротивност со албанските интереси. За да не ја прекршам процедурата, да не должам многу, албанската јавност знае која е Демократската унија за интеграција.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално Рафис Алити, три минути.

**Рафис Алити:** Во ред, ви благодарам за зборот кој ни го дадовте како Демократска унија за интеграција. Пратеникот на ДУИ Садула Дураки побара во име на тоа што е запишано во стенограмите да се направи корекција. Доколку

таа грешка не ја направил пратеникот Догани, тогаш тоа треба да го направат службите и тоа треба да се корегира.

А во однос на тоа кој е ДУИ господине, Демократската унија за интеграција едно направила во својот мандат. Не сме биле марионета, или кукла за игра. Демократската унија за интеграција во минатиот мандат и во овој мандат дојде на власт со гласот на народот и дојдовме како победници. Ние вас ве разбираме, вие дојдовте со наведната глава, не го добивте гласот од народот. Вие говорите за кражби. Вие господине изборите не ги добивте никаде и вашиот претседател и Матоши. Јас ги добив изборите низ цела Република Македонија каде се добива гласот од Албанците. Имено, поради тоа сум со отворено чело пред албанското население. Додека вие размислете како сте дошле на власт.

**Љубиша Георгиевски:** Наоѓам дека дел од дискусијата на господинот Алити беше процедурална и не пречи да ја направиме таа промена што ја побараа, да се корегира грешката и тоа е забележано во стенографските белешки.

Има збор Селвие Салиу.

**Селвие Салиу:** Жалам што морам да споменам, меѓутоа не можам а да не кажам, значи ме зачудува фактот што парламентарното мнозинство на ова Собрание станува реализатор на желбите на пратениците кои што се неодговорни. Би ве замолила уште еднаш да не ја играте таа улога, туку како парламентарно мнозинство да разбере дека ги погодува нивната совест што ја имаат.

Што се однесува на амандманот и за амандманот овде од многу пратеници слушнавме дека и тие се значително загрижени, меѓутоа не ми е јасно зошто и нив ги плаши доколку во овој закон се говори за предлогот на госпоѓата Јаневска кој што зазема значајно место во овој предлог, бидејќи во овој закон, во овој амандман е дефинирано дека со снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела, или прекршоци со цел за нивно спречување. Сега тука убаво е дефинирано дека кога постои опасност на јавните собири се загрозува животот, здравјето и имотот на луѓето, тогаш полицискиот службеник е овластен да направи визуелно снимање, или фотографирање на јавните собири. Меѓутоа сега се поставува прашање дали и партиските седишта, канцелариите, или локалните организации на политичките партии, или невладините организации и домовите, или становите на партиските функционери, дали и тие заземаат значајно место и зошто да не бидат заштитени. Велам зошто да не бидат заштитени, бидејќи тука е во прашање загрозувањето на животот на луѓето кои што се јавни лица, луѓе кои што сносат голема одговорност пред своите граѓани и не може да се дозволи да се засегнува нивниот интегритет и нивното право како граѓани и многу е значајно ова да се земе во предвид. И има силна логика за да се влезе во заштита на истите, затоа што ние сме сведоци дека тие снимања кои што биле многу и кои што се направиле со, или без дозвола, законски или незаконски и се злоупотребувале. Нема ништо лошо доколку се спомене дека многу партиски луѓе, или јавни лица биле, се и се надевам дека и нема веќе да бидат прогонувани, фотографирани, снимани само затоа што доколку и овој дел од овој амандман се опфати во овој закон. Уште еднаш ќе спомнам, значи не ми е јасно затоа што се слушна овде од неколку пратеници дека ова ги плаши. Ги плаши нив доколку ова се забрани со закон. Имајќи го ова во предвид јасно е дека во членот се споменува целта и намерата за снимање на јавните места, на јавните собири, пред почнување на активностите. Јас ова би го надоврзала токму со предлогот на госпоѓата каде и полицијата може да комуницира јавно. Иако во предлогот на членот 65 во Предлогот на текстот на законот се спомнува дека материјалите после неколку месеци можат да се уништат, освен некој материјал кој што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка тука се постапува согласно со закон. Верувам дека, или пак се сомневам во тоа дека некој материјал нема да биде уништен затоа што овој закон во целина не ја разјаснува работата така како што треба. Сепак, со сите оние забелешки кои што сме ги имале до сега до овој член, а и тоа што слушнавме за овој предлог амандман не се подготвени да го прифатат парламентарното мнозинство и госпоѓата министер, верувам дека ќе се направи грешка која што ќе остави тешки последици во одбраната на граѓаните во заштитата на граѓаните најмногу на јавните лица и политичките партии.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓата Весна Јаневска како предлагач.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници, имам впечаток дека по повод една многу значајна материја која вие сите имавте можност и емотивно од мене да ја слушнете, се развива дискусија во недоглед при која се креваат тензиите во Собранието. И бев сведок на еден немил настан овде пред претседателот и службеничката од Собранието која јас не ја познавам, но имав можност еднаш, два пати да ја сретнам и која ми остави бескрајно добар впечаток. Се надевам дека поради тоа ова што имам намера да ви го соопштам нема во иднина да го злоупотребувате ниту пратениците на ДУИ, ниту пратениците на ЛДП, ниту пратениците на СДСМ кои ден, или два после нивната конвенција ќе се појават овде, а се надевам дека и министерката ќе има доблест до крајот на расправата уште еднаш да го погледне мојот предлог и така по нејзино видување како што мисли дека е најдобро да го даде како свој амандман во собраниска процедура. Тоа значи дека јас овој амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам. Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 3, поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Јанкуловска.

**Гордана Јанкуловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓата Роза Топузова-Каревска како предлагач.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, меѓутоа јас не можам да си го видам моето име тука и не знам дали сум пријавена за збор. Но, најверојатно вие можете тоа да го следите.

**Љубиша Георгиевски:** Се е во ред. Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, со оглед дека работиме веќе повеќе часови и не е чудно концентрацијата да попушти дотолку повеќе што цело време сум присутна во салата, се разбира со исклучок на паузите. Затоа барам разбирање од вас и од македонската јавност доколку направам некои грешки во моето излагање и доколку не успеам да ве убедам со аргументи дека овој амандман е од исклучително значење за подобрување на текстот на законот. Имено, говоревме за неколку амандмани кои што се однесуваат на полициските овластувања. Исто така, и овој амандман се однесува на едно од полициските овластувања кое што е дадено под точка 15-снимање на јавни места. Целиот член 65 е посветен на снимањето на јавни места и навистина јас не можам да ги разберам пратениците, дури и министерот зошто не најде разбирање за амандманот поднесен од почитуваната колешка Весна Јаневска што во голема мера ќе го допрецизираше овој член и ќе можеше навистина сите ние, па и воопшто сите граѓани на Република Македонија да бидат заштитени понатаму од еден постојан траен аудио и видео надзор. Меѓутоа, мојот амандман се однесува на ставот 3 од истиот овој член каде што се регулирани снимањата на јавни собири. Во ставот 2 вели: кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање, или фотографирање на јавниот собир.

И тоа апсолутно е точно и неопходно. Значи апсолутно е неопходно кога постои опасност на јавните собири да се загорози животот, здравјето на луѓето и имотот, онака како што постоеше во членот 60, за кој што имавме амандманска расправа. Значи во овој член е областен да изврши видеоснимање. И тоа е во ред. Меѓутоа, почитувани колеги пратеници го имаме понатаму членот 3 кој што вели: “намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири, пред започнувањето со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти”.

Мојот амандман е во насока да не и се даде на полицијата можност да може, но и да не соопшти, значи таа самата да избира дали ќе ја соопшти, туку полицијата да биде должна јавно да ја соопшти својата намера за снимање.

Морам да кажам дека при првото читање на текстот. Затоа имаме две читања, затоа имаме повеќе фази, затоа имаме предлог за донесување на закон, кога сите пратеници можат да ги искажат своите забелешки. Тие забелешки, секако, ако се повеќе пати искажани од повеќе пратенички групи, без разлика дали припаѓаат тие на парламентарното мнозинство во тој момент или во опозицијата, сметам дека надлежните министри треба да ги земат предвид. Во овој случај не е така. Под мотото дека ни се дава истиот закон, односно ни се доставува истиот закон кој што бил разгледуван во едно друго парламентарно мнозинство, значи го имаме истиот закон. Под плаштот на тоа се кријат сите овие недоследности кои што тогаш беа искажани, сите овие забелешки кои што не ги зел министерот за ватрешни работи предвид и ни се доставува истиот закон.

Ве молам, ако сме се договориле да биде истиот закон, сме се договоритле за суштински прашања, не сме се договориле за зборови кои што ќе ги надминат сите недоречености, кои што нема да остават никаков простор за манипулација од страна на полицијата.

Во овој вака даден став од членот 25, токму на полицијата и се овозможува да прави малверзации, односно да снима, да спроведува снимање на јавни места и собири пред започуванањето со активноста, значи без да ја најави својата намера за снимање.

Од тогашната опозиција, голем број на пратеници дури и се залагаа, воопшто полицијата да има можноста да снима кога има јавни собири. Особено беа заложбите на Либералната партија во оваа насока, додека пак, дел од тогашната опозиција, односно пратеници од ДПМНЕ се залагаа ова да биде апсолутно регулирано. Значи, да немаме зборот “може” да се замени, цитирам од стенограмот на почитувана колешка, значи да се замени со збор кој ќе биде обврзувачки како “должно”, или како ќе се оцени во натамошната фаза на разгледување, меѓутоа, полицијата е должна јавно да ја соопшти ваквата намера.

Ова го читам за да ги потсетам колегите дека жестоко се залагале да не и се остави на полицијата сама да одлучува дали ќе ја соопшти или нема да ја соопшти намерата, туку тоа да биде регулирано во самиот закон.

Токму поради тоа, мислам дека овој амандман ќе најде широка поддршка, како што беше и со еден од претходните амандмани, дека парламентарното мнозинство, со оглед дека министерката не го прифати овој амандман, ќе го

поддржи амандманот и со тоа во голема мера ќе се подобри текстот на законот.

Што се однесува до снимањето на јавно место ќе биде регулирано, ако веќе тоа и се врши онаму каде што нема опасност по животот и здравјето на луѓето и имотот, барем да биде јавно соопштено дека се врши снимање. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Илија Димовски се јави за процедурална интервенција од три минути.

**Илија Димовски:** Ќе бидам многу пократок. Јас би сакал искрено да изразам незадоволство од начинот на кој што поедини пратеници намерно во своите излагања користат друга кратенка за името на партијата на која што јас припаѓам.

Само за потсетување до госпоѓа Топузова-Каревска, името на партијата која што таа го спомна во своето излагање е ВМРО Демократска партија за македонско национално единство, или кратенката е ВМРО-ДПМНЕ.

Не би сакал да мислам дека некој пратеници во овој Парламент намерно од политички цели и со намера да провоцираат употребуваат друга кратенка за името на нашата партија. Затоа, секогаш кога ќе имаме обид намерно да се постапува, ние најостро ќе реагираме на таквата постапка. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути има господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Го гледам основниот текст на законот и го гледам и текстот на амандманот. Тешкотиите со амандманот се што основниот текст предвидува намера за спроведување за снимање на јавни места и собири.

Кога би било само за собири, синдикални, политички итн, би требало да се уважи амандманот. А за јавните места тоа е многу комплицирано. Таму да се инсталира и можеби недела дена или две недели нема да се снима. Не може кога ќе дојдат криминални структури таму да се снима. Не може да се најавува тогаш кога идат тие што тепаат, што крадат, итн.

Така да, ако се однесува на политички собири амандманот е во ред, а бидејќи текстот не му дава да се однесува на политички собири, тоа не е добро. За тоа можеби, постои можност ако се подвои овој основен текст и се однесува само на политички собири да се усвои овој амандман, а не и за овие јавни места кои генерално заземаат и кафеани, заземаат и други простори итн.

Тука е тешкотијата и за тоа јас не можам да го прифатам амандманот. Мислам дека оваа дилема веројатно, министерството ќе ја разреши со подзаконски акти, да се раздвојат овие две суштински дејности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван господине Андов, морам да нагласам дека ставот 3 во ништо не е сменет. Единствено што е променето од предлогот на законот, кога го имавме и го разгледувавме, е тоа што тогаш беше член 62.

Сега, истиот член 65 е буквално исто пренесен и тогаш во вака дефиниран став, морам да потсетам дека вашите пратеници се залагаат воопшто да нема снимање на јавни места и собири. Значи, буквално како што и овде е цитирано.

Значи, тоа беа заложбите дека воопшто не треба да постои снимање на јавни места и собири и интервенираа токму на овој став.

Значи, тогаш се говореше околу тоа. земето го стенограмот и ќе видите за што станува збор. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има госпоѓата Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, јас морав да интервенирам бидејќи погрешно се чита стенограмот. Затоа, јас ќе ја прочитам реченицата, за да биде вистинита. Стои точно вака: “Не можам да се согласам да се даде можност полицијата да снима собири, пред се, политички и синдикални”. Многу јасно и прецизно. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на дообјаснувањето.

Има збор господинот Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Почитуван господине Георгиевски, почитувани колеги пратеници, пред да почнам со моето излагање во врска со поднесениот амандман на госпоѓа Роза Топузова-Каревска, би сакал уште еднаш, по се изгледа е неможно да се воспостави дијалог во ова Собрание. Значи, уште еднаш да ви укажам како претседавач, вие сте претседавач на сите пратеници на овој Парламент и вашиот став треба апсолутно, да биде ист за сите пратеници., Без оглед на тоа што вие го намалувате дигнитетот и вашиот интегритет, тоа е ваш проблем. Но, кога побарав реплика, пред паузата која се даде за ифтар, што не се случило никогаш во овој Парламент, за да продолжиме со седницата во месецот на Рамазан, вие по се изгледа, сакате да ги заострите и религиските односи, но пред ова јас побарав реплика. Вие рековте доцна е за реплика, бидејќи зборот му го дадов на тој и тој пратеник, не знам кој беше на ред. Сега вие му го дадовте зборот на еден пратеник, додека по интервенциите на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, го повлековте зборот и му дадовте реплика.

Мислам дека сето тоа не е во ред. Вашата дискредитација на овој начин не е во ред. Јас, не сакам да викам свесно на некого но тој што сака да уништува, е многу дискутабилно за вас господине Георгиевски во однос на предложениот амандман.

Јас најнапред би цитирал од забелешките на ОБСЕ во врска со членот 65. Нагласувам уште еднаш. Говориме за овој амандман, ОБСЕ имаше многу забелешки, кои не се земени предвид. По се изгледа дека некој можеби и ја партизира полицијата. Му се допаѓа полицијата да има големи овластувања. Ова сакам јавно да го кажам. ОБСЕ вели ставовите...

**Љубиша Георгиевски:** Ако дојде до заклучок дека треба.

**Агрон Буџаку:** Ако треба не еден ден, туку една недела ќе расправаме за текстот на законот. ОБСЕ вели: во врска со ставот каде се говори за најава на граѓаните за снимање сугерира дека ќе има една формулација, со која ќе се објасни дека граѓаните ќе се најават претходно доколку ќе се снима со аудио и видео уреди, во согласност со посебен закон, кој ќе ја уреди оваа материја.

Во оваа насока ќе ве вратам неколку часа претходно кога госпоѓа Бонева, пратеникот Бонева која со недели говореше, а сега нам не ни дозволувате да зборуваме со минути, рече дека ние не сме знаеле наводо, дека во постапка е во законот за прислушкување. Ако е во постапка законот за овластување за прислушкување, тогаш што бараат овие одредби кои се воведени во законот за полиција. И во случај на спор на одредбите една со друга, тогаш, кој закон ќе има примат, односно кој закон ќе има предност. Закон кој ни го поднесовте сега е комплетно идентичен со тој кој го предводи Џанго, значи и овој член, или законот за прислушкување. И за прислушкувањето говореше госпоѓа Бонева и таа требаше да придржи на дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Говореше дека не треба.

**Агрон Буџаку:** Не реплицирам, туку јас цитирам. И ние расправаме и процедуралното во врска со процедурата. Се работи за овој закон за кој денеска расправаме. Така што, амандманот во однос на прислушкувањето. Ако вие бидете, а ќе бидете во опозиција, не ви се допаѓа партиската полиција да ве снима, сега со одбивањето на госпоѓа Јанкуловска на овој амандман, значи дека вам ви се допаѓа да може да ги прислушкувате и снимате другите напротив демократските прописи и напротив вашите ангажмани, така што, мислам дека во секој амандман ви излегува маската дека за снимањето за кое секогаш сте се жалеле, дефинитивно ја кажувате идеологијата и дефинитивно се согласувате со методи од кои вашите членови страдале во минатото. За ова, треба да бидете чесни и да излезете на говорница со крената глава и да кажете ...

**Љубиша Георгиевски:** Значи втора опомена и последна. Да се вратите на амандманот.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски, по се изгледа, немојте ова лично да го сватите, не говорим за вашата личност, туку говорам за личност што претседава со седниците. Мислам дека не ви е јасно дека овој закон формално сега ни е предложен од госпоѓа Јанкуловска.

Госпоѓа Јанкуловска беше и е и не знам дали е понатаму Генерален секретар на ВМРО-ДПМНЕ, мнозинството во овој Парламент од 44 пратеници се од ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-ДПМНЕ без оглед кој го изготвил законот ни го предложил овој закон и јас говорам за прислушкувањето за кое треба да се срамат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Така што, и членот и прислушкувањето и сите се во согласно со прописите и постапките на една парламентарна расправа овде во Собранието на Република Македонија. Јас да ви кажам какви списанија во весници имало, натписи читаа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и од Народна, ќе се фатите за глава.

**Љубиша Георгиевски:** Ви го одземам зборот.

Хани Тахир има збор.

Нека повели Хани Тахир има збор.

**Хани Тахир:** Почитувани дами, почитувани господа, што се однесува до амандманот предложен од страна на пратеничката Роза Топузова-Каревска која што бара во членот 65 ставот 3, зборот “може” да се замени со зборот “треба”. Мислам дека овој член е многу значаен член за обезбедувањето на граѓаните, за сигурноста на граѓаните. Овој член гарантира и би требало да гарантира слобода и права на граѓаните на Република Македонија.

Така што членот 65 е член во кој се предвидува со снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор на Јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци со цел за нивно спречување.

Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир.

Во ставот 3 во кој интервенира госпоѓата пратеник Роза Топузова Каревска на некој начин е предложено намерата за спроведување на снимање на јавите места и собири пред започнување со активноста, полицијата може јавно да ја соопшти. Се бара намерата за спроведување на снимање на јавни места и собири пред започнување со активноста, полицијата треба јавно да ја соопшти.

Интервенцијата бара полициските органи кога ќе вршат снимање и траен аудио и видео надзор на јавните места ќе треба да се обврзат претходно да ги известат тие лица или тие раководители на собири за кои се говори.

Овој член 65 е од посебно значење затоа што и порано во овој член се развиваше голема дебата и се дискутираше доста долго околу реперкусиите на полицијата од минатото.

Полицијата од еден орган кој некогаш ја немал довербата на граѓаните и служела како орган на насилие, не присилба, орган на заплашување награѓаните каде полицаецот со својата униформа претставуваше страв и трепет кај сите граѓани. Така што,бидејќи е член кој е многу чувствителен за слободата и правата на граѓаните, ќе треба да сме посебно внимателни не само за овој член, туку и за Законот во целост.

Врз основа на препораките кои се направени од страна на организацијата за соработка и безбедност, има доста забелешки не само на овој член, туку и на другите членови од овој закон. Ова е суштината која дискутирајќи за овој член ќе треба да дискутираме и расправаме за Законот во целост.

Во ставот 3 од овој член полицијата врз основа на сугестиите кои се од амандманот на пратеничката Роза Топузова Каревска ќе треба да интервенира и ќе треба предлагачот на овој закон госпогицата министер за внатрешни работи да интервенира не само во овој член, не само во овој став туку на целиот законво целина така како што се препораките од Организацијата за соработка и безбедност која бара закон кој ќе ги исполни стандардите на Европа.

Во препораките на ОБСЕ тие не припаѓаат ниту на албанската заедница ниту на другите, туку дале една сугестија во интерес на граѓаните на Република Македонија, во интерес она што ние во овој Парламент, во ова Собрание да донесеме закон кој ќе ги исполни интересите кои се потребни, ќе ги исполни потребните стандарди на тој начин да се постигне консензус меѓу сите политички партии. Ова е основната цел, основната намера на нашата расправа во овој Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Зборувајте за амандманот.

**Хани Тахир:** Организацијата за соработка и безбедност има дадено непристрасни сугестии и тоа сугестии кои мислам и не само што мислам, туку го имам документот пред мене во кој Организацијата за соработка и безбедност има дадено забелешки токму на овој член и на овој став. Во интерес на овој парламент и во интерес на сите пратеници во овој парламент е да се донесе закон кој ќе ги исполни потребите и европските стандарди. Ние ќе треба да се ангажираме сите заедно со цел да се постигне консензус и за да се постигне консензус се бара сите да го дадат својот придонес. Нашиот придонес е во таа насока што од оаа расправа за амандманите да може да се направи една сензибилизација во јавноста каде експертите, граѓаните, невладините организации кои имаат интерес и имаат желба да даваат свои препораки. . .

**Љубиша Георгиевски:** Зборувајте за амандманот.

**Хани Тахир:** Изгледа вие сакате да создадете практика кога после две интервенции сакате да го одземете зборот. Изгледа вие сакате да создадете практика по две интервенции да го одземете зборот.

**Љубиша Георгиевски:** По Деловникот по две дигресии, по напуштање на главната тема се одзема зборот.

**Хани Тахир:** Јас говорам за амандманот и за истиот член став 3 Организацијата за соработка и безбедност на Европа дава забелешки. Значи, на истиот член на истиот став. Овој член е во понос на интересот на граѓаните затоа што Законот во целост ќе треба да се донесе за интресот на граѓаните и овој член 65 ставовите 1, 2 и 3 значи и амандманот на госпоѓата Роза Топузова Каревска дава забелешки околу овој член.

Значи, во овој член таа сугерира, дека ќе треба во ставот 3 наместо изразот намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнувањето со активноста полицијата може јавно да ја сопшти. Ќе треба да нагласам полицијата ќе треба јавно да ја соопшти од причина што менувајќи го овој израз од “може да биде” во “треба” јавно да ја соопшти се создава можност претходно да се информираат оние субјекти, оние поединци околу кои ќе се говори односно се одвива целата активност.

Нагласувајќи ека намерата за спроведување на снимање на јавни места и собири пред започнување со активноста полицијата треба јавно да ја соопшти. Ова ќе создаде можност реагирајќи претходно граѓаните можеби ќе можат да го избегнат проблемот или ќе може со тоа што ќе бидат повнимателни тие ќе бидат во интерес на безбедноста и јавниот ред и мир. Интервенирајќи полицијата на превентивен начин претходно ќе се создаде можност до снимањето на јавните места таму каде граѓаните ќе ја вршат својата активност или дејност нема да може да се создаваат проблеми од разни видови кои ќе бидат аргумент за разни дејствија.

Затоа надоврзувајќи се на овој амандман сакам да нагласам на начин и интерес на ова Собрание за да биде поефикасно, незнам зошто не се прифаќа сугестијата да се постигне еден партиски консензус кога можеби партискиот косензус ќе биде. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ова ви е втора опомена. Амандманот нема врска со партиски консензус.

**Хани Тахир:** Тогаш господине Георгиевски јас првенствено сакам да ве прашам вас кој збор да го користам, кој вовед да го направам, која средина и кој заклучок да го направам затоа што мислам дека јас, независно од тоа што сум почетник во овој Парламент, гледам дека овој парламент не бил парламент кој сака да развива рационална активност туку сака со своите дејствија да создава такви активности, акции кои ќе бараат реакција. Вие како претседавач на овој Парламент имате позиција која сакате да ја претворите во деструктивна и деструктивна да ја направите активноста во овој парламент. Доколку вие претседавате на рационален начин, тогаш ќе може да имате трпение за да завршат сите дискусии и да се дојде до потребниот заклучок, до потребниот успех. Не може кога се даваат забелешки од страна на опозицијата, меѓутоа, во овој момент изгледа дека ние го имаме и претседавачот на Парламентот на спротивната страна, затоа што независно од тоа што вие ги имате гласовите на опозицијата и независно од тоа што ги имате гласовите на Парламентарното мнозинство сепак ќе треба да создадете впечаток и тој впечаток ќе треба да биде кај сите пратеници дека вие немате страни и од моментот кога сте избрани вие треба да создадете впечаток и убедување кај сите пратеници дека претседавате со седницата без да заземате страни. Меѓутоа, вие до сега не сте го создале тој впечаток.

**Љубиша Георгиевски:** Ви го одземам зборот.

Сега дозволете ми да ви одговорам. Член 87: “говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред. Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневниот ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува за прашањето што е на дневниот ред. Ако говорникот и по повторното повикување не се придржува за прашањето што е на дневниот ред, претседателот му го одзема зборот. Говорникот е должен во својот говор да го почитува достоинството на Собранието”.

Тоа е моето објаснување за процедурата.

Но, сега дозволете во интерес на граѓаните, на сите нас овде и на граѓаните што не слушаат да ве слушнам дали го поддржувате амандманот или не? Вам ви се обраќам господине Тахир, вас ве прашувам го поддржувате ли амандманот или не.

**Хани Тахир:** Господине Георгиевски, не, јас сакам да реплицирам на вашиот говор.

**Љубиша Георгиевски:** Не можете да реплицирате на мое процедурално објаснувње. Можете да кажете дали го поддржувате или не. Немам намера да се впуштам со вас во дијалог. Ви прочитав врз база на кој член ви го одзедов зборот и за ова ви е одземен зборот.

Бидејќи јас не слушнав есенцијата на вашата интервенција по однос на амандманот дали вие го поддржувате или не го поддржувате, немам што друго да слушнам, другото беше вогланво 70% вон од темата.

Продолжуваме понааму.

Процедурално повелете господине Буџаку имате три минути.

**Агрон Буџаку:** Господине Георгиевски кога го прочитавте тоа што го прочитавте пред малку што пишуваше во тоа, дали пишуваше за дневниот ред. Ве молам, овде го имаме дневниот ред, ние расправаме во врска со амандманите во однос на Законот за полиција.

**Љубиша Георгиевски:** Зборувајте во врска со конкретниот амандман.

**Агрон Буџаку:** Ние расправаме во врска со амандманот и Законот за полиција. Ова не е расправа во која парцела ќе сееме патлиџани, а во која ќе собираме пиперки. Се работи за еден комплексен закон кој се надоврзува и со другиот закон, затоа го спомнав во мојата дискусија и во врска со ова ве молам, јас имам три минути право процедурално да се произнесам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за тишина да го сослушаме говорникот.

Повелете.

**Агрон Буџаку:** Вие имате право како сите од новите пратеници на ВМРО ДПМНЕ да го земете стенограмот и доколку се види во стенограмот дека една наша дискусија е во парцелите на пиперот и патлиџаните имате право, но во ниту една наша дискусија, во ниту едно наше излагање не сме говореле за прашања кои немаат врска со Законот за полиција. Кога го цитираме ОБСЕ и вие треба да го имате предвид ОБСЕ, дека тие ни посакуваат добро, посакуваат добро на оваа земја за да донесеме добар закон за полиција. Но, овде, опструктивноста и иницирањето на секој проблем јавно ќе кажеме и ќе документираме со снимки, со стенограми, а тоа доаѓа имено од вас господине Георгиевски. Не можете вие да кажувате нешто нецивилизаторски, додека цивилизациските постигнувања се да имаме закони. Доколку вие, законите и процедурите на Парламентот не ги применувате, вчера два пати ја заклучивте седницата, и тогаш рековте под притисок. Но не под притисок. “Ќе имаме пауза”, вие го кршите законот, непишан, што се нарекува меѓурелигиска толеранција.

(Пратеници бараат збор процедурално)

**Љубиша Георгиевски:** Нема повеќе процедурално.

Збор има пратеникот Незири Сафет.

(Пратеници бараат збор процедурално)

Не давам збор процедурално, не давам.

Збор има Незири Сафет.

(Пратеникот Сафет Незири интервенира од место дека тој не е на ред за дискусија, бидејќи пред него бил пријавен господинот Беџети)

Ако се откажувате, се откажувате.

**Сафет Незири:** Збор треба да добие господинот Беџети.

Господине Георгиевски, во ред, јас ќе си го земам зборот, но пред мене на ред беше господинот Беџети. После тоа му дадовте вие збор процедурално на господинот Буџаку, па вие го прескокнавте Беџети. Инаку, Беџети беше пред мене.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против, нека биде Беџети. Немам воопшто против. Овде се менува листата, се пређавувате и може да се случи.

**Сафет Незири:** Ама, ваше е да памтите.

**Љубиша Георгиевски:** Немам ништо против.

**Сафет Незири:** Не би требало.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Беџети.

**Блерим Беџети:** Благодарам господине Георгиевски.

Почитувани присутни,

Во однос на амандманот на госпоѓа Роза Топузова-Каревска, иако доколку се фрли поглед, на прв поглед изгледа дека се работи за една минорна работа, затоа што се работи само за еден збор. Меѓутоа, јас сметам дека амандманот во однос на членот 65 од Предлог-законот за полицијата има своја тежина и значење, исклучително големо. Си земам за право малку да се повторам со некои од моите претходни говорници кои рекоа дека освен нормативно правниот дел, овој член има и своја политичка тежина во Македонија.Својата политичка тежина ја има од причина што ова го докажува и го

аргументира минатото, каде, исто така сметам дека реперкусиите од оваа метода и методологија на работа на органот за внатрешни работи страдале сите граѓани на Република Македонија, без оглед на тоа на кој етникум или конфесија припаѓаат.

Јас навистина не сакам да сфатам дека секаде, во многу членови, меѓутоа, и во овој член каде што интервенира со својот предлог-амандман госпоѓата Каревска, секаде се остава зборот “може”. Секој што е од областа на правото ова го подразбира како јаболко на раздор, како што реков и малку порано, дека ова го докажува и минатото. Поради тоа, нормата и е норма, затоа што содржи своја санкција, инаку немаше да биде нормативизирано.

Иако се говори за ставот 3, овој став е интегрален дел од членот 65 во целост, каде убаво се надоврзани работите со секојдневниетo, и ќе беше добро предлагачот да го прифати овој предлог-амандман, затоа што јас лично ќе го поддржам овој амандман предложен од пратеничката Каревска, затоа што ценам дека е добар придонес за работите да бидат попрецизни.

Дека треба да биде така, сметам дека тоа е неизбежно. Уште еднаш ќе кажам, и ќе се надоврзам на тоа дека овде се собира многу кон човекот кој што ќе ја раководи оваа работа отколку на нормативниот или правниот дел, како што е напишано, и ќе се претвори во јаболко на раздор на интерпретации, правно, законски интерпретации и т.н. За да не дојдеме во незавидни ситуации затоа што сепак законот се носи за граѓаните и за општеството во Македонија, во целост, и за да биде реформирачки и компатибилен закон со законите на државите на Европската унија и во овој член се покажува дека е неизбежно едно поголемо интервенирање од страна на предлагачот на овој закон.

И, работите се прецизираат во можниот оптимум во членовите кои што досега сме ги разгледувале и се надевам дека ќе има уште многу во иднина. Дека нашите разлики, како парламентарна група се концептуални, покажува самиот факт што предлагачот или парламентарното мнозинство, јас не слушам никакво убедливо образложување од нивна страна дека вака треба да биде,само слушам дека ние сакаме да опструираме и т.н.

На крајот на краиштата, ние носиме закони, овој орган носи закони за граѓаните на Република Македонија и ќе беше добро да се прецизира во еден можен оптимум. Доколку го прочитаме ставот 2 од овој член ќе забележиме дека исто така, од посебен значај за животите на луѓето, за нивното здравје како и за имотот, бидејќи се говори за живот, здравје, имот и вработените во Министерството за внатрешни работи тука се овластуваат да извршат видео-снимање или фотографирање на јавни места. Ќе беше добро да меѓу ставот 2 и ставот 3 предлагачот да ни даде едно дополнително прецизирање, да додаде уште еден или два става, колку што таа смета дека е потребно. И така, како тоа што го кажав, дека минатото е горко, во смисла на членот 65 и тоа би ги презицирало дури и местата.

Значи, што се подразбира со тоа јавно место? Јавно место е и влезот, предсобјето во куќата. Јавно место се и влезните места на седиштата на политичките партии.Затоа, ќе направеше добра работа предлагачот на овој закон да го повлече законот, тоа го кажувам неколку пати со ред, да го доработи подобро, со тоа ќе си дадеше можност себеси, на парламентарното мнозинство да на оваа држава и на граѓаните на оваа држава им обезбеди подобар закон и членот 65 да биде посовршен во можниот оптимум во условите и околностите во кои што се наоѓа и Република Македонија. Ќе беше добра прилика, доколку имаме горчливо искуство од минатото, значи со прогонувањата, со следењето, со фотографирањата и снимањата и т.н., да утрешницата, и така има време, доколку јас не грешам дека овој закон треба да влезе во сила дури една година од донесување, затоа и сум инсистирал неколку пати овој закон да се повлече за да биде во колку што е можна подобра служба на граѓаните на државата.

Уште еднаш ќе го повторам мојот предлог до предлагачот на законот. Значи, зборот “може”, јас повеќе тоа го подразбирам како право, диспедитивно право како алтернатива за неколу можности отколку таксативен дел и обврзувачки дел, затоа што ќе се наиде на разни толкувања во зависност од идеологијата, способностите на лицето кое што ќе раководи со оваа работа. За да не се остави тоа на случајот и така тоа е работа на предлагачот, да ги прецизира овие работи, затоа што тоа ќе се претвори во право на инспекционо право и тоа е неизбежно.

Првенствено, тоа што го кажав дека доколку се фрли еден поглед ќе се види дека тоа е една мала интервенција, меѓутоа, јас сметам дека со само еден збор може да се претвори вака како што е напишано, дај Боже да грешам, меѓутоа, времето ќе докаже дали јас грешам или не и тоа не е многу значајно, дали ќе докаже или не, меѓутоа тоа ќе се претвори во диспекционо право на лицето кое што раководи со тоа, затоа што практиката го покажува и го докажува токму тоа. Затоа што минатото е горко, јас се радувам што барем тука има консензус и политички и етнички во однос на овој многу значаен член. Доколку размислуваме поинаку, сепак, има забелешки за овој член од страна на разните етникуми, од пратениците на разни етнички заедници што живеат во Република Македонија, затоа и сметам дека е последно време да предлагачот на законот го повлече законот и да не тера инает со времето туку да се стави во служба на еден, колку што е можно поквалитетен, пореформирачки закон и на денот кога ќе влезе во сила тој закон, тоа ќе биде значи една година после донесувањето на законот, да биде во колку што е можно поефикасна служба на граѓаните на Република Македонија, затоа што политичките гарнитури

било да се и владините, доаѓаат и си одат, меѓутоа, законот останува како таков и останува за граѓаните на Република Македонија. Затоа ќе повторам уште еднаш, доколку не грешам, овој закон не е производ на ова парламентарно мнозинство. Ова е уште една дополнителна причина, јас жалам што тие што во поголема мерка го изготвиле  овој закон не се присутни денес тука, можеби тие ќе го бранеа уште повеќе затоа што тоа е нивен производ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на тематски коректната дискусија.

Ајдини Насер има збор процедурално, три минути.

**Ајдини Насер:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, господине претседателе и вие колеги пратеници,

Сакам да се произнесам за една случка, а ќе ја искористам можноста процедурално да го искажам тоа.

Овие кои се однесуваат како многу демократи и жртви на оваа демократија и за цело време не ја вадат демократијата од уста, мене, пред две вечери сакаа да ме заплашат. Кај вратата на мојот дом ми оставија закана со еден куршум од Калашников во плик, што всушност значи закана за ликвидација моја и на моето семејство.

На оваа закана јас знам од каде е адресата, од каде доаѓа. Името е Садула. Но, доколку мислите дека со вакви уцени ќе ме заплашите, ќе ви кажам дека длабоко се лажете.

Нема да се повлечам ниту од функцијата пратеник, ниту од функцијата претседател на Комитетот за меѓуетнички заедници. За моето семејство и мене, како “оџак” сме, знае цело Липково и Куманово и пошироко.

Затоа барам од вас господине претседателе и вие почитувани пратеници да создадете една парламентарна комисија за да се истражи овој случај. Јас ги известив сите инстанци за овој случај. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За вакви случаеви, пред се дозволете да ви кажам дека имавте пречекорување во процедуралните прашања, но за вакви случаеви има определено...

(Пратеници бараат збор процедурално)

За вакви случаи има процедура. Со двајца пратеници, писмено и т.н. Ваше е дали ќе ја покренете процедурата. Благодарам.

(Пратеникот Садула Дураки и други пратеници бараат збор процедурално)

Ружди Матоши процедурално, повелете три минути.

Само, ве молам бидете добри, сепак, да се држиме до процедурата.

**Ружди Матоши:** Господине претседател, ова е исклучително сериозна работа, сериозна од причина што со овие дејства некој, на директен начин сака да влијае врз политичкиот процес или пак сака да уценува, а зошто да не кажам Демократската партија на Албанците.

Затоа, ние, со ова што се случува тука, уште еднаш протестираме како парламентарна група и им велиме на нашите политички опоненти да се ослободат од политиката и да го остават недемократското дејствување и еднаш засекогаш да станат цивилизирани.

Знаеме дека ним тоа им било филозофија на работа и во текот на изборите, заканувајќи се и правејќи разни работи за да создадат мислење дека тие се претставници на Албанскиот народ во Македонија. Меѓутоа, нека знаат дека ние не се грижиме за тие работи и за тие закани што тие ги вршат, не се грижиме ниту колку еден мал нокт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

(Пратениците од ДУИ бараат збор процедурално)

Повелете, после паузата.

После паузата одиме со процедурално.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи во 20,40 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата .

За процедурален збор замоли господинот Садула Дураки.

Повелете три минути.

**Садула Дураку:** Ви благодарам.

Обвинението кое ми се врши од господинот Насер Ајдини наводно дека јас сум го оставил куршумот во неговиот дом, граѓаните на општина Липково го познаваат Садула Дураку кој е, го познаваат по неговите дејности, знаат кој е Садула Дураку и никогаш немал куршум за албанци, а сите работи што сум ги направил сум ги направил транспарентно и отворено. Работите кои сум ги направил отворено во однос на демократизацијата на Република Македонија, без разлика на боја, без разлика на вера и без разлика на нација. Тоа што го кажува, доколку сум го направил тоа, ќе го направев отворено и транспарентно, бидејќи работите ги правам отворено и транспарентно. Само слабите мажи. .
(Реакција од пратеникот Насер Ајдини)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, мир во салата, ве молам да го сослушаме говорникот.

**Садула Дураку:** . . говорат и обвинуваат неосновано и доколку има факти дотичниот господин дека јас сум го сторил ова, има суд и за ова мажите од мејдан се мерат во мејдан.

(Повторно реакција од пратеникот Насер Ајдини)

**Љубиша Георгиевски** : Ве молам, да го ислушаме говорникот.

**Садула Дураку:** Ќе повторам, мажите од мегдан се мерат на мегдан. Граѓаните говорат и гласаат за албанците во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мендух Тачи процедурално три минути.

**Мендух Тачи:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека овие треба да се дистанцираат од актот на тој куршум. Инаку, доколку не се дистанцираат ние ќе бидеме во постојано непријателство. И тоа не е нешто за криење.

Второ, за да не пречиме во работата на Собранието и на седниците, вие ќе имате предлог од 20 пратеници многу брзо за формирање анкетна комисија за овој грд чин кој што го прават пратениците од Демократска Унија за Интеграција. Мислам дека сакаат да не вратат назад во безмилосна борба, во безмилосната борба што ќе ја имаме против корупцијата, криминалот и корупцијата. Јас им гарантирам дека тие ќе бидат слободни граѓани на оваа држава, меѓутоа, истовремено им гарантирам дека сите убиства што ги направиле досега ќе одговараат за нив, без оглед кого сте убиле, било да е албанец, било да пратеник на ДПА или некој друг. Крајно време е да прекинете со овие будалаштини и ве молам како партија и како парламентарна група да се дистанцирате од овие грди чинови. Ние им гарантираме на граѓаните на Република Македонија дека овие измамници, убици, арамии, криминалци. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, држете се во рамките на процедуралната забелешка.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

. . . веќе ја немаат минималната сила за правење штета. Документот за заканата и куршумот се во Министерството за внатрешни работи. Напишаното писмо компјутерски исто така е во Министерството за внатрешни работи. Експертизата се прави и ние нема да се откажеме ваквите лица да излезат на видело и пред законот. Ние нема да делуваме зад грб, ние нема да убиваме зад грб. Да се биде наш тоа значи да кажете тука отворено дека имате желба да не убиете, а дали ќе не убиете ќе видите многу брзо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлагам да продолжиме со работа по амандманот, зошто овие процедурални полемики ќе не одведат далеку.

Ве молам, збор има денес или во понеделник, као сакате, пратеникот Незири Сафет. Инаку овие дискусии . . .

(Пратеникот Садула Дураку и други пратеници од ДУИ реагираат).

Давам 15 минути пауза.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

На сите ви благодарам за соработката.

(Седница прекина во 20,45 часот)